СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 јули 1992 година

Скопје, јули 1992 година

**ДИСКУТАНТИ**

**ОД ЧЕТИРИЕСЕТ И ЧЕТВРТАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 7 ЈУЛИ 1992 ГОДИНА**

ДНЕВЕН РЕД: Прашања за доверба на Владата на Република Македонија

1. АБДИ ФАИК – 10
2. АРСОВ ДРАГИ- 19
3. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 40
4. АНДОВ СТОЈАН - 65
5. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ -
6. БОШКОВ ЈОРДАН - 55, 64
7. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 30
8. ДИМИТРОВСКИ ДИМИТАР- 15
9. ЗИБЕРИ НАСЕР - 68
10. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 3
11. КЉУСЕВ НИКОЛА - 33, 56, 57
12. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 68, 75
13. НЕДЕЛКОВСКИ БОГДАН - 74
14. ПЕТРОВ ТОДОР - 46
15. ПОПОВСКИ ЛУПЧО - 19
16. ПОПОВСКИ КИРО - 23
17. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 6
18. СТОЈКОВ СТИИЛЕ - 48
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 64, 67
20. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 65, 71
21. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 75

крај

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 јули 1992 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубосав Иванов и Газменд Ајдарага, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата

Констатирам мнозинство дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За седницата поканети се претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Со оглед на карактерот на прашањето за кое ќе расправа Собранието, предлагам да не се дополнува дневниот ред за оваа седница. Исто така, предлагам на оваа седница да не се поставуваат пратенички прашања.

Дали се согласувате со овие предлози? (Се согласувате)

За седницата го предлагам следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

Прашања за доверба на Владата на Република Македонија.

Кој е за предложениот дневен ред молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

I/2 CC/НД

Дали е некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува? (Никој

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен

Преминуваме на дневниот ред.

Согласно член 92 став 3 од Уставот на Република Македонија, прашање за доверба на Владата на Република Македонија поставија 23 пратеници, кое ви е доставено. Одлуката за изгласување недоверба на Владата се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Владата на која им е изгласана недоверба останува на должност до изборот на нова Влада. Доколку не е изгласана недоверба на Владата повторно гласање за недоверба на Владата не може да се постави пред истекот на 90 дена од последното гласање за доверба, освен ако прашањето за доверба го постават мнозинството од вкупниот број пратеници.

Член 19 од Законот за Владата упатува дека постапката за избор и разрешување на Владата поблиску се уредува со деловникот на Собранието.

Според член 34 од Привремениот деловник на Собранието гласањето за избор на Владата е јавно

Пред да отворам претрес заради поефикасно „работење предлагам секој пратеник да говори само еднаш.

Кој е за овој предлог молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали е некој против? (9 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор

Господин Зоран Крстевски

I/3

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Ставот што ќе го изложам е во функција на образложение на мотивите што ги раководеа 14 потписници на пратеничката група на Реформски сили - Либерална партија, да се покрене прашањето на доверба на Владата.

Ваквото образложение истовремено е прифатено и во Парламентарната група на нашата партија. За мотивите на другите потписници веројатно ќе си кажат самите тие.

Имено, во сите учебници за компаративни политички системи пишува дека Владата владее додека има мнозинство во парламентот. Очигледно во оваа инцијатива за проверка на довербата на Владата кај повеќе пратеници, формално 23 на списокот, стекнати се мотиви овој принцип да се провери во нашата парламентарна пракса.

Основен мотив што ги раководеше пратениците од Реформските сили - Либерална партија е дека веќе нема ниту политички, па ни уставен основ да егзистира една неполитичка влада, односно експертска влада која во суштина е компромисна односно чиновничка.

Со донесувањето на Уставот на Република Македонија во ноември минатата година се создадоа сите предуслови за воспоставување на нормален парламентарен образец и рокот од седум месеци беше доволен во кој можеше да се толерира една неполитичка влада. Се плашам дека оваа Влада како одат работите, ќе поприми карактер како на општествената сопственост, односно, со 0оглед на критиките што и се упатуваат станува сечија и ничија.

Во овој период, по каша оценка,Владата покажа голема спорост, неефикасност и неспособност во поставуван>ето и решавањето на вистинските проблеми. Донесувањето на Уставот на Република Македонија

несомнено претставуваше крупен чекор во обликувањето на Републиката како самостојна и суверена држава која бараше трансформирање на целокупниот економски, политички и правен систем.

Бавното и неефикасно и често пати и административно реагирање на Владата оневозможи да се изврши побрз премин кон граѓанско демократско општество и пазарна економија. Понудената програма за работа на Владата не претставуваше супституција на целосен концепт за заокружување на трансформацијата на економскиот, политичкиот и правниот систем.

Во таа смисла, Владата многу споро ги изготвуваше и на Собранието му нудеше предлози на системски закони во кои требаше врз нови основи да се уредат односите во економскиот и политичкиот систем на Републиката. Во прв ред тоа се однесува на Законот за трансформација на општествениот капитал, Законот за локалната самоуправа, законите од областа на судството и внатрешната политика и другите системски закони. Ова ја успори операционализацијата на Уставот и доведе до попречување на роковите од Уставниот закон за спроведување на Уставот, иако уште во текот на расправата по Уставот во повеќе наврати^претседателот на Владата го уверуваше Собранието дека овие закони се подготвени и дека треба само да се стават во процедура.

Владата на Република Македонија не презема доволно потребни активности да се спречи натамошното влошување на економската состојба во Републиката поради што дојде до натамошен пад на производството, извозот, зголемувањето на долгот кон странство, пораст на загубите во здравственото и пензиското осигурување, неконтролирано отуѓување на општествениот капитал и друго.

I/5

Во целиот овој период на работата на Владата континуирано се манифестираше нејзиниот неодговорен однос кон работата на Собранието како законодавно тело и кон неговите работни тела. Иако требаше да има легитимитет на експертска влада, во предлагањето на законите Владата не само што не ги запази роковите за поднесување на системските закони туку предлагаше до крај концепциски неутврдени решенија. Тоа негативно се одрази и врз изградбата на коегзистентен правен систем во Република Македонија не требаше да дозволи концепциски системски решенија да се изградуваат на самите седници на Собранието. Сето ова, како и нередовното присуство на седниците на претставниците на Владата, на седниците на работните тела и на Собранието, ненавременото доставување на предлози на закони, други материјали и ненавремено доставување на мислења доведуваше и доведува до непотребно одлагање и оддолжување на седниците на Собранието. Владата на Република Македонија не требаше да дозволи концепциски системски решенија да се оградуваат на самите седници на Собранието.

Евидентно е дека во овој период Владата не обезбеди непречено функционирање на правната држава што предизвика несигурност, неспокојство и немир кај граѓаните во Републиката. Во услови не неизграден систем на локална самоуправа и нагласена концентрација на одлучување за витални прашања на граѓаните во одделни министерства дојде и до парализа на функционирањето на правниот систем.

Во Собранието, во повеќе наврати беше изразено неединство на Владата што доведе до неефикасност во вршењето на извршната власт па и до соодветна блокада во работата на Собранието. Флагрантен пример за ваквото неединство е истапувањето на потпретседателот на Република Македонија, господинот Блаже Ристевски на последната седница на Собранието кој наспроти обврската да го застапува ставот на Владата изнесуваше свои лични ставови во поглед на најзначајните прашања од битен интерес за креирање на државната политика во Републикава.

Сите овие елементи и општата недоверба на граѓаните кон Владата доведуваат до ерозија на нејзиниот авторитет и легитимитет и до вложување на вкупните состојби во Републиката.

РСЛП и порано го покренуваше прашањето на политичка идентификација на Владата. Како политичка партија тоа јавно го прокламиравме, а ако Пратеничка група баравме реконструкција ан Владата, баравме и претседателот и министрите политички да се идентификуваат. Тоа го правевме при расправата за иницијативата за нови собраниски избори. Со тоа сакавме јавноста да знае кои политички партии стојат зад Владината платформа и кој сноси политичка одговорност за владините активности Покренувањето на прашањето за ,доверба на Владата е одговорен политички чин што ќе овозможи вистинска идентификација на политичките позиции во Парламентот.

Се разбира, за позитивните ефекти од работата на оваа Влада не е предмет на ова мое образложување. Нив треба да ги повреди позицијата во Парламентот што ги очекувам во дискусијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор побара господин Исмет Рамадани од Владата,

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и господа од Владата,

Прво во принцип и од време не признавав влада кој политички не е определена за јавноста. Владата е експертска, а дека скришум не е и политички определена. Меѓутоа, тоа јас никогаш не го знаев. А, таква влада нема одговорност ниту пред партијата ниту пред Парламентот. Тоа зависи само колку лично е одговорна за одредени работи.

Мислам дека Владата е лошо компонирана. За мене Владата нема свој имиџ, а далеку е од тоа што значи европски имиџ за една влада. А, тоа многу зависи од првиот човек, премиерот на Владата.

Одредени министерства се лошо екипирани и во однос на националната припадност и во однос на нивната способност. Има малку заменици, потсекретари, помошници од националната припадност албанци, турци, власи, роми итн.

За илустрација само, Министерството за образование, бидејќи повеќе контактирам со тоа министерство, првиот човек првиот министер, министерот има желба и волја, меѓутоа нема моќ. Зошто? Затоа што екипата околу него се луѓе кои секогаш се однесуваат ерозивно кон образованието. Истите луѓе ги знам по име и презиме, меѓутоа не би сакал во овој случај да ги спомнам и сакам без навреди до крак.

Има луѓе во одредени министерства кои се така ориентирани само да создаваат ексцеси. Морам да кажам дури и болни се од албанофобија. За мене е неприфатливо да речеме дека 80-90 илјади ученици во основното и средното образование ученици албанци во Македонија, а да нема ниту еден републички советник во Републичкиот завод албанец. Да нема ни потсекретар, ни помошник исто така албанец.

Понатаму, министер кој нема политичка поддршка не може да биде ниту ефикасен во рабвотата а за неизвршените работи секогаш ќе рече вака - не можам, толку можам, не ме слушаат, се плашам како ќе реагира јавноста. Значи се пројавува неодлучност.

Законите, или одредени закони што се предлагаат посебно оние што ги регулираат правата на националностите понекогаш се толку провокативни како намерно Владата да сака да дојде до меѓунационални кавги и недоразбирање дури и во Парламентот. Дури и во Комисијата, јас

би рекол "лоши меѓунационални односи" во самото Собрание. Пример се системските закони. Се предлагаат по аршин, дури на одредени пратеници на кои, јас би рекол, инфузија им е албанофо со претпоставка како ќе реагираат, значи Владата мисли, не мисли на тоа што е стручно, што е експертно, меѓутоа однапред со претпоставка дека како ќе реагираат одредени пратеници

Затоа се залага за адекватна национална и партиска застапеност во извршната власт. Само тоа ќе биде една извесна гаранција за добра, ефикасна и праведна власт. Впрочем власта се почитува ако во неа имаш доверба.

Ако се сеќавате еднаш барав да се достави информација за националната застапеност во републичките органи и ресорните министерства. Меѓу првите скокна господинот министер Кљусев и рече – тоа за мене не е важно, важно е да биде експерт. Па да и јас си мислам, има експерти, меѓутоа граѓаните би поставиле и друго прашање – По што експерт значи експерт. Има и луѓе кои можат да бидат експерти по разни марифетлуци.

Самите состојби сведочат, во сите сфери на животот во Македонија, дека нешто со Владата не е во ред. Не се задоволни. Верувајте дека граѓаните ме прашуваат, без разлика на националната припадност, ме прашуваат до кога со таа експертна влада. А, јас ви велам уште тоа дека навистина имам почит кон одредени луѓе од Владата. Меѓутоа, или сами се ставија во таа положба со самиот факт дека во нивните изјави рекоа дека немаат политичка припадност, тука веќе и заглавија како Влада. Затоа што сеуште ниту граѓаните, ниту пак јас верувам е дека навистина немаат политичка припадност. Таа политичка припадност треба да се знае. Зошто да се крие?

Што се однесува до Партијата на која и припаѓам, господинот премиер уште тогаш даде ветување, но не го исполни како мандатор. Дека, националната структура во министерствата и на ресорните министри со време ќе се подобри. Меѓутоа, од тоа до ден денес нема ништо. Нема именување. Нема избрани ниту потсекретари, ниту помошници, ретко некаде, многу ретко и затоа јас мислам дека требаше премиерот барам нешто од тие ветувања да исполни и Владата да биде подобро компонирана за да граѓаните повеќе и веруваат и веруваат на таа Влада.

II/1/јм/см

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа, јас сум еден од потписниците за барање доверба на Владата на Република Македонија и должен сум овде пред вас и пред јавноста на Република Македонија да кажам што ме натерало на такво нешто. И вие овде, а и јавноста знае дека јас како пратеник и претседател на една мала партија на оваа говорница излегувам со куси изнесувања на проблемите и прашањата и јасен и препознатлив на народот, на народен јазик, сосема отворено да си го кажам ставот. Ќе се потрудам пак да ја кажам мојата, значи само мојата вистина како јас гледам на ова прашање и зошто :јас бев потписник на барањето. Наиме, јас го потпишав барањето за доверба на Владата заради тоа што сум убеден во себе си дека во Република Македонија треба да се спроведат нови парламентарни избори. На овие пратенички клупи да седнат луѓе, граѓани на Македонија кои поисправно и поодговорно ќе се однесуваат спрема државата и граѓаните на Република Македонија, кои поисправно ќе резонираат што е тоа плурализам и демократија, парламентарна демократија, парламентарна култура, политичка култура кои нема да ги минимизираат резултатите ниту на поединците ниту на партиите, на државата, откога постои од 1944, 1945 наваму, ко нема да ја искривуваат историјата, кои навистина светот ќе го гледаат како поле, за културен натпревар меѓу народите. Овде треба да дојдат луѓе кои меѓунационалните односи ќе ги постават на здрава и чиста основа со демократски дијалог, толеранција и флексибилност, луѓе, граѓани кои нема

своите теснопартиски, или лични интереси да ги ставаат врз интересите на граѓаните на Република Македонија, односно,врз интересите на Македонија, туку своите интереси ќе ги најдат внатре во севкупните интереси на Република Македонија, луѓе, граѓани кои конфронтациите од ваков маштап кои се манифестираа овде во Парламентот ќе ги сфатат како големи компромитации сред народот на Република Македонија и конечно нови луѓе кои ќе знаат да и дадат соодветна тежина на економијата, да знаат како да*ја извлечат Република Македонија од социјалната беда. Новите луѓе или ќе припаѓаат на помалку партии отколку сега, или пак на повеќе партии, најверојатно ќе има некоја појака лева, или десна страна која ќе има примат во составувањето нова влада Република Македонија„ Тогаш за се ќе се преземе одговорноста врз себеси на едната, или страна. Но, за да се донесе ваква одлука за распишување избори за пратеници се донесува одлука и за распушта на Парламентот со што се распушта и Владата. Со тоа што Владата владее се додека не се избере нова влада, што е голема неизвесност и најотворено, дали сета власт треба да ја има оваа Влада, во овој состав кога поединци на минатата седница неодговорно пред јабанџии луѓе новинари се обрукаа обрукаа сите нас како држава застапувајќи свои лични ставови со што створија немир сред нас и народот на Република Македонија. Меѓу министрите во оваа Влада има еден добар дел добри луѓе и министри свесни за својата општествена положба и одговорноста што ја имаат Но, конечно потпретседателот професорот д-р Блаже Ристовски се дешифрира, ја отвори маската и кажа негова научна вистина.

II/3

II/3

Прашање е ако беше пратеник потполно ќе го разберев, но член на Експертска влада плус потпретседател, мислам дека многу потфрли. Во негов стил на изразување да зборува за министерот за односи со странство д-р Денко Малески да го фали, да ги фали неговите особини и способности за да потоа го тресне на земја, не ми е сосема прифатливо, што истото го стори и за господинот Киро Глигоров претседател на Република Македонија. Јас на големо се сомневам дами и господо и да се вратиме малку station наназад. Дали се сакаше моментално раскинување со бившата Југославија СФРЈ ^а да се отвори трет фронт во Македонија покрај Словенија и Хрватска, дали намерно несредените меѓунационални односи имаат конотација на посакуван граѓански немир и барање помош од надвор, дали, критиките упатени на вториот дел од референдумот значи неуспех во посакуваниот немир. Затоа што  треба да се знае дека тој втор дел од референдумот значеше, ако некој од внатре во Југославија сакаше да ни створи неми ние  бевме со право за иден сојуз на суверени држави. Тоа е нашата одбрана. Ако некој однадвор го посакуваше тоа пак значеше исто дека сме во Југославија. И тоа беше одбрана. До сега не сме разговарале на оваа тема. Меѓутоа, стално тоа се критикува.  Дали блокирањето на донесувањето на системските закони не е намерно заради дестабилизирање на Република Македонија? Тука имаме голем дел ние пратениците овде. Тие системски закони се  предлагаа. Ние овде ќе се испоколеме сите меѓу себе кој ќе биде прв, кој втор, кој најголем македонец, кој помал македонец.. Топката не треба да ја фрламе на трето место.  Дали фрлањето на вината кај врвот за економскиот колапс не значи нешто божемно незнаење, или не  свест за војната во Словенија, Хрватска, БиХ,

Србија итн. Па викаме дека сме во економски колапс. Не можеме исправни да бидеме пред себеси, да ја видиме вистината со човечки очи, свои очи. Ако се сеќавате и вие господо министри јас досега воопшто нити имав намера, ниту кажав нешто лошо за Владата. Дури велев, дали сме и дале задачи на Владата, што бараме од неа, зошто ја окривуваме. Дали знаеме дека сме во војна, дека немаме пазар. Дали можеше да биде и нешто подруго. Секако дека ќе можеше, но, чекавме признавање, а потоа да разговараме. Да се елаборира во овој Парламент оној комунистички бастион, немање на демократија, да се критикува претседател на држава, итн. тоа е голема работа. Да се фрлаат дрва и камења по радиото, Телевизијата, печатот, тоа е многу лошо. Како може демократија во оваа наша Македонија, ако овде секој да каже и пред никого да не одговара. Како може да славиме верски, национални празници и Рамазан Бајрам и не знам уште што, а пак викаме нема демократија. Во она време за кое овде се зборуваше на минатата седница, да бевме во тоа време мислам дека не можеше да се кажат такви зборови, бидејќи веднаш ќе летнеш од оваа говорница, право во подрум. Меѓутоа тоа е демократија. Зошто ја негираме демократијата? Дали демократијата да биде поголема. Сакаме, сигурно, меѓутоа демократијата има свои граници.

Конечно на што јас мислам од аспект на надворешната политика. Дали немаме двојство во водењето на политиката, двојно претставување. Слушам партии одат горе, доле бараат признавање ваму, таму а овде зборуваат дека немаат демократија, дека има комунизам итн. Па ние сите бевме далеку од комунизмот многу далеку. Дали одењето надвор од

земјава за признавање на Република Македонија на некој начин значи: слушајте бараме признавање, ама ќе не признаете кога ќе дојдеме ние на власт, немојте сега, заради тоа што таму на чело на државата е комунист, или владеат комунисти, нема демократија, нема ова, нема она. Ако постои сомневање во едно, зошто да не постои сомневање и во друго. Одењето во Русија, одењето во Франција итн. а овде кажуваше дека оваа Република Македонија има такво и такво раководство и овој Парламент е веќе како што знаете, да не ги спомнувам тие зборови, мислам дека е тоа многу лошо. Ние овде доста пати елаборираме каква е ситуацијата со лошиот стандард на луѓето, на граѓаните во Република Македонија. Ние многу малку или воопшто не разговараме за макро економската политика на Република Македонија. Ние го отпочнавме процесот на приватизација на општествениот капитал и токму ние сме тие што го запревме тој процес, рековме дека не чини, дека даваме  можност некој да се збогати. Меѓутоа, никој не кажа еден терк, да стане и да рече, не така, туку вака ќе биде. И сега кој по кого фрла со дрва и камења, тука сме ние  самите тука е и Владата, тука е и Парламентот. Мора да бидеме објективни. Според мене и јас бев потписник на ова барање заради тоа што како што реков на почетокот, мислам дека заслужила Македонија да ги има најдобрите луѓе во Парламентот. Мораме да признаеме дека не сме ние најдобрите. Има и во другите политички партии има сред нашите партии добри луѓе,исправни луѓе, добри стопанственици и тие можат да ја водат и други подобри што - можат да бидат и во Владата, а има и од овој дел на Владата што можат и понатаму да ја водат државата.

Заради тоа, оној период што ќе биде празен треба да се има поголема доверба на министрите на Владата, затоа што. и кај мене постои едно стравуваше дали не се сака во тој период да не направи некое чудо со

Република Македонија. Затоа велам доверба на Владата, односно реконструкција, односно цела нова Влада итн.

Драги колеги и пратеници, ова беа моите мотиви што јас го потпишав она барање, ставање знак прашаше на доверба на Владата на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој бара збор?

Има збор Димитар Димитровски.

**ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ:**

Како еден од потписниците на барањето за доверба на Владата, во образложението на мојот личен став соочен сум со проблемот: како да најдам зборови со кои би ја изразил 4 . својата недоверба кон Владата како највисок колективен орган на извршната власт во Републиката, а без притоа да го навредам дигнитетот, достоинството и моралниот лик на нејзините одделни членови. Притоа да го искажам и својот став дека до- сегашната работа на Владата како колективен орган не ја гледав исклучиво низ црно-бела диоптрија и дека покрај појавените пропусти и слабости во досегашната работа на Владата  и нејзините ресорни министерства, согледував и вредни резултати, кои уште повеќе добиваат во«својата големина и значај ако се земат предвид и сите околности во времето кога Владата конституирана и почетниот период на нејзиното делување.

Сметам дека би била необјективна секоја оценка  за работата ка Владата ако во себе не содржи и. признание за -покажаната храброст, да во една вонредно сложена и тешка политичко - безбедносна. ситуација, оптоварена со стопански и социјални проблеми, ја правземе одговорноста на своите плеќи да изнајде најповолни решенија за излез од политичката и

економската криза во која се најде нашата Република по распадот на бившата федерална држава. Во една психоза на неизвесност, дефетизам и бесперспективност, Владата во почетокот настапи со творечки жар и ентузијазам во барањето на одговор за напластените проблеми, внесувајќи со тоа и толку потребен оптимизам меѓу народот и верување дека со ангажирање на севкупните потенцијали во нашето општество ќе можеме да се надеваме во скорешна подобра иднина. Во таков случај да се биде член на - Владата беше помалку израз на желба за лична афирмација, а многу повеќе морален чин со висока свест за сопствена одговорност и патриотизам.

Тоа е, се разбира лично гледаше и затоа при конституирањето на Владата и покрај фактот што во неа не се најде место нити за еден член од Партијата на која припаѓам, сепак гледав со симпатии и доверба како на наша прва Влада во новиот плурален општествено - политички систем. И поради тој факт нити еден момент не се однесував како опозиција на Владата, .туку, напротив – секогаш и пројавував  спремност конструктивно да соработувам во разрешувањето на сите прашања кои Владата ги доставуваше до Собранието преку работните тела.

Меѓутоа, како одминуваше времето така се напластуваа и одредени проблеми, кои наместо да бидат благовремено решавани со градењето на една конзистентна програма, истите се решаваа инцидентно, од случај до случај најчесто откако ќе се најавеа демонстрации, штрајкови или блокади на патиштата.. така се изнајдуваа палиативни решенија за просветните  и здравствените работници, за пензионерите и земјоделците за проблемите во врска со недостиг на лекови или млеко... ,да ги случаи таквите решенија или предолго се одолговлечуваа, или воопшто изостануваа, како на пример за проблемот на девизните штедачи од нашата Република

Слична е и состојбата во донесувањето ка законската регулатива, каде изготвувач на материјалот и предлагач се јавува Владата. Одредени закони со кои требаше да бидат решавани некои од клучните прашања во

нашиот стопански и општествено -политички систем, наместо да бидат изготвени во на краток можен рок, тие се уште не се подготвени од страна на Владата. Доволен аргумент за ова тврдење е ако се осврнеме на Програмата за работа на Собранието во 1992 година и ги констатираме утврдените рокови за донесуваше на правните акти за кои предлагач е Владата, и ќе видиме дека таквите акти што требаше да бидат изготвени и предложени од страна на Владата во месец април се до денес не се доставени до работните тела на Собранието. Наместо тоа, барем во областа на градежништвото и урбанизмот, се уште се нудат половични решенија со измени и дополнувања на старите закони – и покрај тоа што нашиот премиер декларативно се произнесе уште во минатата година дека оваа Влада не сака да прави "крпеници" на старите закони, па затоа ќе понуди нови што ќе бидат засновани на новиот Устав и ќе го одразуваат новото државно уредување. За жал таквата активност од страна на Владаа во креирањето на новата законска регулатива се покажа како недоволна, а во одделни случаи и изостана, што допринесе за напластување на проблемите о сите сфери на животот.

Мојата субјективна констатација за несоодветната продуктивност на Владата (и покрај пројавените активности на одделни ресорни министерства) е во нејзиното конституирање како експертска а не партиска влада, при кое одделни ресорни министри и ако избрани како деполитизирани личности, не смогнаа снаги да излезат од рамките на своите партиски програми, поради што Владата не можеше да делува единствено, како хомогена екипа која треба да креира единствена политика. Оттука произлегуваат  различните ставови на одделни членови на Владата постратешки клучни прашања. Не станува тука збор за конструктивна конфронтација на идеи и ставови по одредени прашања, без која практично и нема напредок, туку за длабоко разидување кое најдува свои рефлексии дури и во секојдневново меѓусебно комуницирање, Тоа најдобро се покажа во истапувањето на потпретседателот на Владата госп. Блаже Ристевски на поседната седница на Собраниево.

Ваквото неединство помеѓу одделни членови во Владата во услови на една сложена политичко - безбедносна ситуација во која се наоѓа денес Македонија, оптоварена уште со кризните состојби во стопанството и социјалните проблеми кои од ден на ден се повеќе се заоструваат, не може повеќе да се толерира без да произведе дополнителни негатив- ни последици на севкупниот живот во Републиката.

Поради тоа се одлучив да ја дадам својата поддршка на барањето за доверба на Владата, при кое уште еднаш сакам да укажам на моето почитување и респект кон одделни членови од Владата и нивната професионална работа во ресорните министерства, но истовремено да укажам и на недоволно продуктивниот ангажман на Владата во целина, како највисок колективен орган на извршната власт во Републиката, што во сегашната севкупна ситуација во која се најдува Република Македонија не може да најде свое оправдување за нејзин понатамошен опстанок.

III/I пј/вц

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија има јасен и дециден став веќе подолго време воедно што е став и на Социјалдемократскиот сојуз во целина дека оваа влада не одговори на поставените цели и задачи, како и на предизвикот на новото време. Затоа, како и од многу причини кои во оваа прилика немаме намера повторно да ги образложуваме, бидејќи тоа е направено безброј пати во настапот на нашите пратеници на оваа говорница,* освен што ќе го спомнам скоро неподеленото мислење на мнозинството на граѓаните на Република Македонија дека оваа влада не ужива ниту доволен углед, ниту доверба, а што е основен услов во овој тежок период на нашето живеење и опстојување да се остварува успешно и ефикасно извршната власт. Оттаму, оваа влада не ја ужива довербата на пратеничката група на СДСМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСQВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ве известувам во името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дека македонската влада не ја ужива нашата доверба. Напоредно со овој наш став сакам да ве потсетам дека ВМРО-ДПМНЕ уште од порано веднаш по конституирањето на оваа влада го изразуваше своето незадоволство, бидејќи претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров не го довери мандатот на кандидатите што ги предложи нашата партија која на првите повеќе партиски изборни освои најголем број пратенички места. Што се случи потоа. Познато ни е ка сите, наместо вон парламентарните договори, ВМРО-ДПМНЕ рамномерно да учествува во поделбата на највисоката државна власт во Македонија се случи обратното нашата партија беше

исклучена од она што и припаѓаше според изборните резултати. Ниту еден од предложените четворица кандидати на ВМРО-ДПМНЕ не беа прифатени за премиер, бидејќи тие не одговараа според компетентноста што ја одредуваше самиот претседател.

Потоа, по оваа одлука уследи конституирањето на новата таканаречена влада на експерти, за која уште тогаш сметавме дека грубо се нарушија принципите на парламентарната демократија. Зошто? Затоа што повеќе од јасно беше дека претседателот на Републиката изрази неспремност на поделбата на власта со партијата поинакви политички уверувања, наспроти партијата на која и припаѓаше сојузот на комунистите партија за демократска преобразба, подоцна преобразија како Социјалдемократски сојуз, откако ја парти ја беше предложен како кандидат за функцијата претседател на Републиката. Со таквиот чин ,се покажа дека .тој не ги почитува изборните резултати од првите повеќепартиски избори и со нивното суспендирање едноставно изврши тежок удар врз младата демократија македонска, чии последици подоцна негативно се имплицираа и врз севкупните резултати на македонската политика како на внатрешен така и на надворешен план.

Во овој момент сигурно одговорноста на Владата е голема, поради немоќта да се изнајдат ефикасни излезни решенија за катастрофалните општествени и стопански состојби со кои е соочена Република Македонија. Но, сигурно и тоа ваквите поразителни  состојби што ги доживеа Македонија вината не треба да ја сноси само македонската влада без притоа да се исклучи од одговорноста на нејзиниот ментор на претседателот на Републиката на кого таа експертска влада најдиректно му беше одговорна.

III/3

Нашиот одговор на ова прашање е сосема јасен, одговорноста е неделива. Зошто го велиме тоа?. Затоа што ни владата и нејзиниот ментор во овој изминат период не го направија она што требаше да го направи и според владините програмски определби, едноставно тие не го дадоа одговорот што го очекуваше македонскиот народ дека излез за кризата во Македонија постои. Тие ни до денес не дадоа анализа според која македонската јавност требаше да има увид врз билансните стопански и општествени состојби затечени од поранешниот систем врз чии темели потоа требаше да се преземат и мерките за подобрување на драматичните состојби во коишто се наоѓаше Републиката.

Владата не покажа дека има изградена темелна ориентација во општествено - економската и развојна политика. Не направи снимка на бонитетот и на развојните можности на најважните стопански субјекти, не понуди биланс на акумулацијата и вкупно расположливите средства за потрошувачката и анализа на платно – билансната позиција на Македонија и степенот на неликвидноста во стопанството и во извозот, ниту пак добивме оценки и решенија за организационата структура на стопанството и банките, на општата и заедничката потрошувачка за степенот на развиеноста, за материјалната положба и организираноста на општествените дејности, ниту пак Владата излезе со своја анализа за состојбите на вработеноста и невработените кои воопшто за тоа каков е животниот стандард населението и социјалната загрозеност во Републиката воопшто итн. Едноставно не докажа дека можеме да бидеме свои на своето со јасно темелна ориентација за развојот на приватната сопственост, на пазарните односи, отвореност кон Европа и светот почитување на правната држава и на демократските и општите човекови начела за примерно живеење и цивилизациски развој според моделот на развиениот свет. И наместо кон подобро, како што очекувавме сите,

ситуацијата се промени на полоши, Македонија западна во уште потешка криза. Ние сеуште не можеме да зборуваме дека Република Македонија ги има остварено сите свои надлежности и овластувања и дека конечно таа заживеа како суверена држава како што тоа беше предвидено и со новиот Устав на Републиката. Во овој момент ниту владата ниту структурите што стојат за неа, овде пред се мислам на партиите од левиот блок, не го дадоа одговорот зошто во македонскиот Парламент постојано беше блокирана работата во однос на усвојувањето на системските закони и зошто се поставуваше така наспроти иницијативите на ВМРО-ДПМНЕ и нашето залагање и нашето залагаше тие закони што побрзо да бидат усвоени. Ако во овој момент си жалење можеме да констатираме дека Македонија сеуште ја нема изградено својата државност, ако ги нема новите државни симболи и основните системски закони што Владата требаше да ги изготви и предложи во рокот предвиден според Уставниот закон иако Македонија е сеуште е без темелите на својот целосен суверенитет во тој случај, со право ја поставуваме и одговорноста на таа Влада и на силите што стојат над неа вклучувајќи го и највисокиот државен врв на Македонија. Пред македонската јавност ние не можеме повеќе да зборуваме дека македонската надворешна политика има правилна насока кога таа доживеа целосен пораз со меѓународното непризнавање на Македонија и негирањето на нејзиното име. Ниту пак можеме да зборуваме за ресорното министерство дека тоа на навреме ќе ги предложи пакет законите од меѓународните односи, ниту пак ги постави темелите на надворешната политика и развојот на дипломатско конзуларните претставништва. Мислам дека од страна на Владата не е доволно направено во однос на приватизација и денационализацијата на општествената сопственост, на

банкарството и монетарниот систем во целина. Потоа во однос на решавањето на потрошените и блокираните девизни штедни влогови и начинот на нивното враќање на задачите. Во изминатиот период Владата не успеа да го изврши потребното преструктуирање и градење на еден нов и целосен систем во сферата на одбраната и безбедноста на Републиката. Во сферата на локалната самоуправа, судството, образованието, културата итн. ,За нас крајно ' е неприфатливо Владата да води нова политика со старите структури кои останаа не само во стопанството од средствата за информирање, туку и во самите министерства. Бидејќи од страна на партиите од левиот блок кои обезбедија мнозинство во Парламентот безрезервно ја подржаа таквата политика на Владата и воопшто на државниот врв на Македонија, ние рековме дека токму таквата политика претставува воспоставуваше на неокомунизмот во Македонија. Од тие причини поставеното прашање за довербата на Владата на Републиката поставено од група пратеници што е во согласност со Уставот и деловничките одредби, сметаме дека е добронамерно поставено и во согласност со пошироките интереси на Републиката. Во таа смисла ја прифаќаме расправата и преиспитувањето на причините за довербата на Владата на Република Македонија.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници пред да го изнесам ставот на пратеничката група на Социјалистичката партија би сакал да искажам мислење дека иницијативата на група пратеници за поставување на прашањето за доверба на Владата и покрај тоа што не е неочекувано предизвика одредена збунетост и вознемиреност не сако кој дел пратеници туку во пошироката јавност. Ценам дека тоа е резултат пред се, прво, што овој институт за прв пат се покренува во не така долгата практика на

повеќепартискиот парламентарен систем кај нас. Второ, што се покренува во време кога се судруваме со исклучително сложени, економски, политички и социјални состојби внатре во земјата, огромни блокади во меѓународното признание на Македонија и посебно на сеуште неизградениот стопански, во практика, сеуште уште помалку применет нов економски правен и политички систем. Оттаму, би сакал пред да го изнесам ставот на политичката партија да посочам дека во парламентарните повеќе системи, поставувањето на прашањето на довербата на Владата претставува значаен демократски инструмент во изградувањето и остварувањето на односите меѓу законодавната и извршната власт, а посебно меѓу постојаното одржуваше и јакнењето на нејзината одговорност пред Собранието во вршењето со устав утврдените функции и задачи. Оттаму и често се применува, односно секогаш кога е присутно незадоволство кај значаен број од пратениците би работата и политиката која ја остварува владата или кога самата влада сала  да ја стави на доверба на проверка својата во Собранието. Патем речено нашата влада досега имаше многу поводи и причини сама да биде иницијатор за изгласување на доверба, проверка на својата доверба во Собранието.

Со други зборови овој институт треба да се сфати како израз но и потврда за развиеноста на демократските односи во секое општество. Од друга страна одделни дилеми и стравувања дека  промената на извршната власт во сегашните внатрешни сложени состојби и меѓународното опкружуваше може да предизвика дестабилизација на вкупните состојби во Републиката, ценам дека се без основа, бидејќи доколку оценката за досегашната работа на владата е негативна, промените се вршат пред се к во функција на обезбедување на поефикасно и поуспешно остварување на извршната власт, а со тоа и поуспешно разрешуваше на актуелните состојби и стабилизирање на вкупните односи како основа за создавање на

услови за постепено излегување од сегашната криза и обезбедување иден развиток. Во спротивно доколку владата добие доверба, всушност ќе биде зајакната нејзината позиција во општеството. Во нашите конкретни услови оваа потреба за изгласување е дотолку поизразите имајќи ги предвид резултатите од првите парламентарни повеќепартиски избори како резултат на што и како компромисно решение беше прифатено формирањето на стручна односно непартиска влада. Мислам дека можеме три дена и три ноќи да се убедуваме, но очигледно ниедна партија согласно резултатите како резултат на парламентарните избори не можеше да создаде влада. А партијата што имаше најмногу пратеници во Парламентот не можеше да создаде коалициона влада која што би поминала и добила мнозинство од Парламентот. Не е тоа однос ниту од Парламентот ниту од претседателот на Републиката туку тоа е една објективна ситуација која беше диктирана од самите конкретни резултати.

Имајќи предвид дека всушност оваа влада беше непартиска со тоа својот легитимитет и углед и доверба Владата не можеше да го темели и обезбедува со припадноста на партијата која има мнозинство во Собранието, туку пред се со успешноста и ефикасноста во предлагањето и остварувањето на политиката на извршување на законите, прописите и воопшто вкупната програма и политика која што Собранието ја донесуваше.

Според тоа,  клучно прашање на кое што денес треба да одговориме дали Владата на Република Македонија сеуште го ужива одобрениот кредибилитет на политички, економски и социјален план или не или поедноставено дали со својот углед и авторитет има доверба кај граѓаните и во Собранието

Би потсетил дека вообичаено е во парламентарните;системи ваквата прва проверка секоја Влада да ја остварува по изминувањето од 100 дена од нејзиниот избор, избор во кој период.-таа.^требаа?: да се организира и консолидира понудувајќи своја програма и своја стратегија и отпочнувајќи ефикасно да дејствува. Ние тоа го чиниме како што гледате 1,5 година и тоа на иницијатива на група пратеници и во услови на очигледна длабока криза во која западна Владата. Неоспорувајќи ја објективната сложена ситуација во која дејствуваше владата, историските задачи пред кои беше поставена и неспорно дел резултати остварени во овој период, а уште помалку неспорејќи ја стручноста и компетентноста на одделни членови на Владата сепак една објективна и сериозна анализа на работата на Владата би можела да покаже:

Прво, владата на Република Македонија и по 1,5 година не успеа целосно да се организира и консолидира, а уште помалку да се хомогенизира во своето дејствување, да обезбеди тимска работа и единствено настапување врз јасна своја програка и стратегија. Бројни министерства сеуште организационо не се консолидирани, а  добар дел и на раководни кадри во нив сеуште не се назначени. Стручноста кај дел членови на Владата повеќе личеше на параван за прикривање на своето партиско дејствување кој со одминувањето на времето во јавност се манифестираше. Потврда на тоа се појавите  на применета партиски критериуми во организирањето на одделни министерства и радикалните промени кои што одделни министерства беа направени по конституирањето на новата влада, присуство на фамилијарност. непотизам во кадровски решенија и вработувањето. Резултат на тоа се повеќе внатрешни судири, лични  недоразбрана и конфронтации и дискредитирање меѓу членовите на самата влада. Зарем како што беше и назначено последниот настап во

III/9

Собранието на последната седница кога за едно круцијално прашање требаше да се изнесе единствен став на Владата пред Собранието беа изнесени три различни ставови и пред се како сопствени милеења, што очигледно говори и е потврда на меѓусебните односи кои ппго владеат во самата влада. Потврда на тоа се и бројните оставки кои беа поднесени во овој период кои се депонирани или веќе се напишани, но јавно не се манифестирани.

IV/1/CJ/OM

**КИРО ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Затоа и објективно може да се постави прашање уште^колку време и е потребно на Владата и дали после ваквата поларизација меѓу нејзините членови може воопшто да с консолидира, хомогенизира нејзиното дејствување врз единствена платформа како суштинска претпоставка за нејзино ефикасно и продуктивно дејствување.

Второ, и погодени по време сеуште сме на почеток на остварувањето на новиот уставен концепт на стопанскиот, правниот п политичкиот систем на Републиката. Отсуствуваат бројни, системски закони, присутен е вакум во регулирањето на општествените односи, колизија и непочитување на законите. Од друга страна не така мал број на законски проекти понудени во Собранието не ја издржаа објективната оценка и критика. Дел од нив и од Уставниот суд беа укинати, дел беа менувани на предлог на Владата веднаш по:нивното донесување или како што беше неретко случај да бидат повлекувани на самата седница на Собранието л покрај тоа што беа подготвувани повеќе од година дена што секако ја доведува, често ја доведуваше во прашаше компетентноста на самата Влада. Сето тоа битно влијаеше и на така сложената состојба во стопанството, а во услови на одземена надлежност на општините и сеуште недоволната организираност на министерствата доведуваше до целосна блокада на системот во Републиката.

Трето и последно што сакам да го нагласам се однесува на тоа дека во овие крајно изострени состојби во стопанството, во политичкиот живот, а посебно меѓунационалните односи се претпоставуваше енергичност и ефикасност во дејствувањето на Владата. Наспроти тоа во практиката вклучувањето на претставниците и Владата во целина во разрешувањето

на одделни конфликтни состојби изразени незадоволства беше пост вестум или кога тие незадоволства и конфликтни состојби ќе ја доживеат сопствената кулминација и секогаш во една таква кулминација се наоѓаше решение за конкретниот проблем, меѓутоа се поставува прашаше по која цена тоа решение се донесуваше. Веќе беа спомнати бројните штрајкови, митинзите пред Собрание, револтот изразен од штедачите, земјоделците, возачите и слично.

Секако во овој комплекс на прашања може да се постави прашање тоа во која мера Владата имаше адекватен однос и изградена стратегија во односот спрема стопанството и другите дејности и колку таквиот однос битно влијаеше да и натаму има усложување на и така сложената работа во овие дејности. Секако дека не би биле објективни доколку за ваквите состојби исклучиво вината биде префрлена само на самата Влада. Ценам дека дел од ваквиот амбиент кој беше создаван беше инициран од една непродуктивна долготрајна политичка атмосфера која беше создавана и во самиот парламент, атмосфера на политички празни препукувања и блокади во остварувањето на самата функција на Собранието, но се заедно би рекол изјаснвуањето за довербата на Владата треба да покаже дали таа ја има довербата во Собранието дали и натаму го има таа порано добиениот кредибилитет. Доколку тоа се потврди секако ќе значи зајакнување на нејзината позиција, во спротивно секако ќе има потреба од промени.

Пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија цени дека Владата има изгубено доверба кај граѓаните и дека го има потрошен веќе одамна придобпениот кредибилитет на политички економски и социјален план, а со тоа и можноста за натамошно дејствување.

IV/3

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ**:

Прашање е дали во ситуација кога во Република Македонија нема консензус заснован на едно општество на било која Влада би успеала да биде успешна. Во ситуација на контроверзни процеси во република Македонија. кога не успеавме да изградиме нужните правила што едно граѓанско општество ги бара, а за какво што Сите се деклариравме и притоа немаме желба да ги почитуваме и оние елементарно воспоставени, сигурно дека тешко беше на една Влада да се одупре на оние тенденции кои што очекуваа во Републиката да се реализираат придобивки на едно егалитарно општество. Тоа ^беше проблемот на оваа Влада која што воедно немаше доволно самостојност,, која што имаше лош партнер во еден недораснат Парламент како што е овој нашиов и која што имаше лоша среќа да има партнери и такви политички партии какви што се сега македонските партии кои што својата активност ја засниваат на популизмот и што ја прави противречна целата ситуација и политичка и економска во сегашниот момент во Република Македонија.

Можеби тука можев и да запрам, и да бидам јасен што сакав се да кажам, но сепак за да не оставам недоразбирање сакам уште еднаш да потенцирам дека ако сакаме егалитарно здравство, егалитарно школство, егалитарен начин на живеење истоврено да сакаме да бидеме граѓанско општество, а при тоа не сме Шведска, Република Македонија нема материјална основа за такви до себе е јасно дека мораме да дојдеме во ситуација можеби побрзо за македонската Влада, но и за себе, за сопственото однесување.

Во интерес на онаа Влада која што ќе дојде, но и да укажам на некопмоменти на кој што мислам дека Владата погреши сосема добро

намерно, ќе додадам уште нешто дека проблемот на оваа Влада започна тогаш кога Владата ги превзеде управувачките прерогативи во стопанството луѓето сосема рационално осознаа каде е одлуката и затоа почнаа да бараат се од Владата, се претвори во стопанственик со целиот ризик на таа улога на еден сообраќаец на сите текови да биде преоптоварена и да не може да даде одговор на сите прашања. Така и се случуваше заради. невнимание на Владата да укаже дека на пример оризот беше потценет и земјоделците да дојдат и да бараат односно бараа тоа што бараа и да започнат едни процеси кои што потоа беа прифатени и од другите политички партнери, на константно додворуваше и на само залажување без притоа да се бара излез од ситуацијата.

На таа позиција сум во размислувањето и околу берзата и токму тука во економските процеси кога се зборуваза неокомунизам, а тука го лоцирам тој термин не толку во политичките процеси колку што неокомунизмот заправо го дозволиме во Република Македонија. И, тоа е најголемата противречност. Се ограничуваше претпријемаштвото иако према Уставот имаше сосема широки простори, не се сфати дека на пример програмата на Анте Марковиќ не беше толку поздравена од Европа и популарна заради совршеноста колку заради една идеа државата да се тргне на страна од сите текови, луѓето да се стават во натпревар, иницијативата да произлезе од  тие процеси п само тоа можеше да донесе позитивен пресврт и во македонското стопанство. Дојдовме во, ситуација да мислиме дека ова е граѓанско општество, луѓето да имаат отпор према новото, нормално ова не е граѓанско општество, Владата има свој удел во овие заблуди но не е сама виновник во овие процеси. За тоа околу тоа што беше искажано дека Владата наводно е кочничар на некои закани околу државноста на

Република Македонија, јас не мислам да ја бранам, но не прифаќам, не сум толку наивен, сметам дека од нејзината зависна позиција према некои центри а институции партнери нормално произлезе една привидна одговорност аква какв ^што денес е констатирана. Се на се мислам дека можеби е добро овие луѓе кои инаку се надвор од овие функции почитувани граѓани на Република Македонија, да не ги мачиме повеќе, да им дозволиме достоинствено сопствената агонија да ја прекратат да пробаме поаѓајќи од одговорноста на политичките партнери овде во Парламентот она што не може да се избегне, а тоа е одговорноста на овие партии кои што се најдоа во Парламентот да состават коалициона Влада или да распишат нови избори, тоа е она што .сакам на крај да го соопштам. Не може да се одбегне од одговорност за она што се случува дека друг ни е крив. Одговорноста на политичките партии овде во Парламентот. Или ќе најдат тие сили да направат коалициона Влада или треба да најдат сили да се само распуштат п да се распишат нови предвремени избори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Според член 92 став 6 од Уставот на Република Македонија одлука за изгласување на доверба на Владата се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Прашувам, кој е за тоа да м се даде доверба на Владата молам да крене рака?

Збор    бара господин Кљусев претседател на Владата.

IV/6

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Почитувани пратеници, има напишано експозе за работата на Владата не мислам да го читам, вие ќе го добиете. Чувме една ревија на оценки на Владата. Во оценките на Владата немам намера да тргнувам во некоја одбрана, одбраната е фондот на активноста на оваа Влада која го презентира пред Парламентот и пред јавноста. Вие барате политичка Влада, повелете изберете си политичка Влада. Се сеќавам при доверувањето ми на мандатот ме убедуваа дека нема можност Парламентот да создаде коалиција за политичка Влада. Тогаш размислував дали да се нафатам на оваа одговорна задача и дали оваа пролазна Влада добивав уверување дека не е така како што се имплементираше дека е тоа за пет шест месеци Влада, тогаш можеше комотно да кажеме благодариме на мандатот нема можности за пет шест месеци да се вклучува апарат од 23 члена угледни граѓани, достоинствени научници и докажани стопанственици. Кога тие би имале шанса денес овие 22 да одговорат на Парламентот поединечно што се збива со вашите оценки ќе се добие сосема подруга слика ви за ви енормниот напор на тие луѓе, изгубеното спокојство во нивните фамилии, изгубениот нивен сон и гневот кој тие го нанесоа врз себе во едно време, во еден живот со кој сме во кавга.

Се поставува прашање имаше ли некој аргумент од ова што се кажа, таа црна критика врз Владата. Се згрозувам од непознавањето на Парламентот што добил и што завршила оваа Влада. Добивте програма на Владата, добивте макроекономска политика на Владата за која се искажувавте, добивте антиинфлациона програма и вие гласавте до крајот на годината да опстои оваа Влада. Добивте врз бала на Уставниот закон, сите обврски на Владата, сите во вашите раце, ме чуди што барате кога во

вашите раце се тие закони. Ние према Уставот имаме рок од една година да ги донесеме и другите закони. Повеќе од нив предвреме ви ги дадовме, Закон за концесии и за даноци, Закон за заеднички вложувања, Закон за промет за банките итн. Со кого дискутирате вие со Владата, па прегледајте ги активностите вие сега ќе ги добиете во извештајот. Се бара честита критика и ние сме достојни да прифатиме честита критика, но со репулзија враќаме на измислици не аргументирани и амблок обавени ѕ оценки. Оваа Влада тоа не го заслужува. Оваа Влада точно е дека не сакаше да биде пот пресија на ниедна партија. На неа и препишувате призвук и мирис партиски внатре. Тоа се лични емотивни работи. Но таа Влада достоинствено колективно решаваше за се. Немавме изнимци. Оваа иронија за некакви раштимани оркестри, за некакви оставки, расуло во Владата тоа е жалосно што се изнесува. Владата достоинствено, хармонично и колктивно досега работеше. Она што се појави некои оставки, тоа беа моменти кога сакавме да се докажува секој член на Владата загрижен за секој ресор, со убедување дека прави добри постапки настапуваше од позиција дека дали не е подобро да си одам ако не се остварат амбициите, но тоа беше само преодно размислување. Кога станавме да разговараме што станува со тој или оној ресор се отстапуваше од оставките. За каков хаос се говори во Владата. Ние денеска 21 член на Владата имавме состанок и јасно ми нагласија сме за сите нив од неодговорни критики и кој има право да манипулира со народот дека во народот сме изгубен кредибилитет. Народот знае кој изгубил кредибилитет и доверие. Народот тоа ќе го оцени врз база на овие дискусии. Народот тоа ќе го каже на следните избори. А ние ќе бидеме должни како Влада која нормално ќе си оди да му дадеме бела книга ка тој народ да знае што оваа Влада направи за овие неполни 16 месеци, како таа работеше и во какви услови работеше како се однесуваа

политичките партии и парламентот, пред се, за да може со поголема надлежност и одговорност да го изврши чинот на новите избори. Тоа оваа Влада достоинствено ќе го направи затоа што за нејзините редови седат десетици луѓе се служат со добро перо.

Дисонантните тонови во Владата, тоа е сосема природна работа, а што мислевте вие почитувани пратеници и печатот. Едноумие во Владата или граѓанска палица која ќе и држи лекции на сите членови во Владата. Во владините редови седат луѓе зад чие минато стои опус од трудови и знаење, опус од искуство и докажување. Тие луѓе се искажуваа во грчот на стеснетите, лимитирани услови во борбатада дојдеме до подобри солуции се тежеше да се искажеме, да се искритикуваме дури и меѓу себе си создававме гнев за да на крајот дојдеме до некое сознание. Факт е дека ние работевме во лимитирани услови.

V/1 лк/сл

**НИКОЛА КЉУСЕВ:** (продолжение)

Ние работевме во ненормални, би рекле воеени услови и тоа што многу се кокетира дека некои одлуки или за%он0!паднаи11 пред Уставниот суд, јас би сакал и за тоа да кажам. Падна еден закон, тоа е Законот за регулативните односи во репродукцијата на нашето стопанство, за вонредните мерки. Уставниот суд сака да не убеди пројавите вие дека ова е војно време, па ќе ви го прифатиме законот, добро, тоа е фино да му кажеме на меѓународниот фактор дека и ние сме во војна. Но зарем можеме да се оглушиме од реалниот факт дека Македонија живее во блокада? Дека над Македонија струи мирисот на барутот? Зарем можеме ние да се оглушиме дека во исцедените ресурси пред се финансиски, во високи долгови во блокадата на Југословенскиот простор од војната, во блокадата  со Резолуцијата 757, во блокадата од Грција, ние нормално работиме со стопанството. Кому тоа се прикажува? Тоа не се само полувоени, тоа се фактички воени услови во кои живееме. Ни говорат дека сме задоцниле во валутата. Ние филиграски ги меревме деновите кога да влеземе. Јас бев тој кој енергично сакаше да влеземе уште во февруари. Другите ме убедуваа чекај, тука има еден сериозен фактот, а тоа е Армијата која се плаќа од Белград, ние ,не можеме да  постоиме со две валути. А, знаете тој фактор ако се задржеше повеќе на нашиот терен. Сето тоа мудро се изведуваше и фала на срећата што на 26-ти ја донесовме својата валута, што се откинавме од еуфоријата на инфлацијата и праксата потврди од тогаш до сега, фактички за овој еден ипол месец два три до четири пати инфлацијата Србија ја изеде. Ние останавме на она ниво кое го програмиравме. Можеше ли некој да замисли дека во Антиинфлационата програма со скудни девизни услови без да овозможиме девизен пазар, го

задржавме курсот од 360 кон 400 денари. Можеше ли некој да верува дека ќе падне цената на шеќерот, цената на зејтинот, надвор од онаа која ја програмиравме? Можеше ли некој да верува дека 60-80% ние ќе ги извеземе нашите градинарски производи надвор во такви блокади? Но кажеше и нешто друго да се каже: стопанствениците, научени од минатото, ги изигруваат прописите, не ги враќаат девизните средства во својата татковина, правеа лажни измислени фирми и други сметки. Можеби тие имаат и оправданост, јас и нив ги оправдувам. Зошто? Затоа што немаме можност на дополнителен капитал, на дополнителни девизи да ги уфрлиме на девизниот пазар, да создадеме еден урамнотежен курс и тие заради потребата од сопствената репродукција бараа да ги задржат тие девизи и да ги користат таму. Но тоа создаде пукнатина да немаме .средства за нафта.

Некои говори дека е хаос, немаме социјална програма, имаме економски падови итн. А што мислевте вие? Ќе. Имаме богат стандард и рај оваа година? Нели укажував во својот настап по Антиинфлационата програма дека нас не чекаат извонредно тешки и судбоносни денови, потешки од минатата година? Ние со антиинфлационата програма сакавме да кажеме да се сопре еуфоријата да одиме по конец, немаме можности на еластичност на маневрирање. Треба ли да кажуваме и да ве убедува оваа Влада што значи наследството кое таа го доби од минатиот систем? Тоа наследство беше во една огромна омча врз нашиот врат. Милијарда долари долгови спрема странство и милијарда долари спрема граѓаните, 300 милиони дефицит во платниот промет! Кој е тој алхемичар кој може за 6 месеци или1 година да го претвори овој хаос во хармонија? Дали вие. мислите дека Владата не ги познава овие работи, а ќе добива лекции од

вас? Вие мислите ли дека тука се полуписмени луѓе во оваа Влада? Секоја норма, секоја одлука и свесно оние кои ги поништуваше Уставниот суд, свесно влегувавме во тоа, затоа што се наметнуваа временски, знаејќи дека воените станови треба да бидат вака решавани, тие велат онака. Ние во тој од ги решававме тие работи. Бидејќи не можеше поинаку да имаме комотност , немавме можност поинаку да работиме.

За сето ова мене ме убедуваа - имај трпение, минуваме низ една тешка историска фаза. Таа бара и историска одговорност. Благо- дариме^ понесете ја и вие, господо во Парламентот, таа одговорност. Ние како Влада досега честито работевме, со нужната одговорност, со нужната научно и стручна скрупула, се однесувавме и тогаш кога жестоко бевме критикувани. Јас знам нешто дека некој создаваше сценарија да се врши иронизирање, омаловажување на Владата. Тоа се постигна. Папочната врпца на сето тоа ми е познат, јас зборував, порано хаос, неизвесност, расуло, дека оваа Република е неспособна и ќе бараме "спасители". Оваа Влада на тоа ви укажуваше. Ако мислите дека ние не ги препознававме преку разни усти и преку разни пера во печатот таквите тенденции извинете, сте се излагале.

Според тоа, за сето ова знаејќи го, создававме одбранбени механизми во болното тело на економијата, на општеството, на социјалната сфера. Тие одбранбени механизми колку што можевме ги создававме, да создадеме една рамнотежа. И фала на среќата што ние успеавме да ја одржиме таа рамнотежа во мирот во Републиката/ во сепак нискиот но стандард во кој што сеуште живееме, а не знаеме што не очекува во односите на легитимитетот, во борбата пред меѓународниот фактор да настојуваме со својата упорност да добиеме своја независност и тогаш кога од секоја страна од нашите соседи ни се забодува нож во ребрата. Сите тие

проблеми добро ги познававме не бевме поданици никому, а најмалку овој кој стои на ова место знаеше да влегува во критични конфронтации со оние што мислите дека бил, со еден груб израз употребен од една партија "апологет или "експонент" или "марионет" - извинете господа, овој што стои во својата историја има гордост и никогаш не бил ничиј марионет, ѓ и тогаш кога низ своето детство херојски јуришав за оваа Република и тогаш кога мрачните сили во голготата на мојот живот се однесуваа спрема мене со грубост, понижување и физичко уништување. Вие знаете каде е таа голгота во таа бивша Југославија. Сето тоа помина низ мојата младост и остана само една љубов, а тоа е се нафатив да бидам претседател на Владата, поканив честити луѓе во оваа Влада, затоа што носев чувство дека му припаѓам на народот на Македонија и на македонската држава. И никому на друг. И се борев со сите сили да се создаде еден нов систем, правичен систем, во кој ќе имаме шанса да изградиме нови вредности, но системите и новите вредносни скали не се изградуваат преку ноќ. Тоа не се изградува за една година. Она што го вкочанило, она што шаблонски го задржало 4-5 децении, не може за една година, да се очекуваат ефекти. Тоа е процес низ кој минуваме. Во тој процес, во тој мозаик на новиот систем ние со честитост велиме дека вградивме неколку камчиња, без оглед на сите критики кои можеме да ги прифатиме и кои ги одбиваме.

Според тоа, ќе дојдат други на кои им посакуваме да бидат можеби поенергични, но поголема енергија од онаа што ја покажа оваа Влада ние тешко можеме да оцениме затоа што ќе има други проблеми на патот. Ние ја искусивме чорбата која ја сркавме овие 16 месеци. Тоа беше горка чорба. Тоа беше чорба во која се бараше да се застане достоинствено пред силата груба која сакаше да не ништи. Има да се каже дали оваа држава е

во право која сака да се изгради, или треба да биде ништена.

Вие можеби спиевте спокојно во тие денови, но не знаете дека овој што стои тука каде спиеше во тие денови пред една година во ова време. Го носеа од еден стан во друг стан, а утре ќе дојде во Владата и ќе зборува, да се бори. Знаете вие што беше пред година дена. Јасно ви е и оние што се исмејуваа околу мојата ликвидација - да, господо, се бараше мојата*глава и цели месеци мораше некој да ме носи во разни станови низ Скопје. Сето тоа искушение го поминав и мислевме дека навлегуваме во царството да можеме помирно да размислуваме. И тогаш кога дојде ние мирно да размислуваме, тогаш не фаќа еуфорија, сами себе да се негираме.

Добро , јас не сакам со ништо да навредувам, ние си повлекуваме своја оценка од сето тоа, достоинствено и гордо денес бараше Владата да ви кажеме - ако не најдете сили за поинаква оценка , ако не најдете сили сами себе да се преиспитате, дали ■ ви треба ваква Влада и политичка или можна реконструкција на Владата, тоа е ваше да си дадете оценка, наше е со силата на своето достоинство и мир да излеземе од Парламентот.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, уште една препрека на Македонија. Тоа што ќе посееш и ќе жнееш. Меѓутоа, ако ти си го избрал семете, тогаш си згрешил . Ако некој друг ти ја дал вреќата со кукуљ и си сеел, тогаш ќе страдаш, не вирее. Се што беше на власт не чинеше порано. И уште една анегдота. "Ѓаволот кога нема работа си ги јаде децата". Јас немам намера да ја бранам Владата, никаква намера, најискрено ви зборувам, затоа што во оваа Влада има многу умни луѓе, а има и луѓе кои ќе треба и кои не се достојни да седат на овие места во Владата.

V/6

Ќе бидам отворен. Целосно го сфатив господин Кљусев и ќе му поставам неколку прашања. (во салата настана реакција). Не, не, за мене има потреба, затоа што јас не сум камен, јас сум човек. Тие прашања не ги измислив сега. Не, тие прашања ги измислив многу, многу, многу, порано и пред да влезам во Парламентот. А, откако влегов во Парламентот, тие прашања веднаш ме погодија. Видете во што е работата.

Јас сум рекол едно време дека оваа Влада е преодна Влада, оваа Влада беше експертна Влада, оваа Влада требаше - не знам дали беше господинот претседател кога реков дека оваа Влада требаше да си оди во рок од 2-3 месеци. Меѓутоа, таа Влада опстојa и остана до денес. Тоа не се исполни затоа што ни една од парламентарните фракции не доби мандат за состав на Влада.

Прво прашање: Каква беше примопредајата на старата власт, односно на поранешниот Извршен совет со новата Влада од овој Парламент избрана, односно изгласана? Кои се гревовите на Владата? Дали тие гревови се намерни, или натурени намерни, или воопшто ненамерни? Зошто не се донесоа системските закони?

Јас зборувам во глобала, го молам претседателот на Владата или ополномошен од Владата отворено да истапи зошто до денес не се донесени најјарките системски закони, без да се плашиш, без да тагуваш, без никакво сомневање дека некој сака да ве избрка. Отворено, пристапачно, човечно да истапиш како Исус кога истапи пред фарасеите и ако треба, ако си во право ќе одиш во рајот. (во салата настана громогласно смеење). И мене ми се смее, но пазете, не сме многу за смеење, затоа што едно време Социјал - демократскиот сојуз бившите комунисти, велеа дека Македонија нема време за чекање.

V/7

Откако го направивме Парламентот помина една ипол година и Македонија може да има време за чекање уште илјада години. Не сакам да ве навредувам вас младите. Зошто се сопре прогресот во Македонија? Зошто во Македонија се родија работи кои не требаше да се родат? Зошто ние .... ајде да не навлегувам многу, зошто не сме признати, зошто немаме обележје, зошто да бараме кум кој ќе не крсти кои сме, Митко сум, Асан или Трајко или Петко. Ние бараме кум за нашата држава. Сега се раѓа. Зошто да се даваат - и на тоа ќе ми одговориш (му се обраќа на претседателот на Владата Никола Кљусев) - зошто да се даваат нашите симболи на конкурс и нашата држава ќе ни ја прави Митко, Трајко, Петко, Стајко или не знам кој, ќе ни прави химна, ќе ни прави знаме итн. Чекајте, бе луѓе, тоа е срамота. Само ако Владата го има, ако не го има, ќе кажеш кој ти кажал така. (пак се обраќа до претседателот на Владата).

Ништо не се презеде , иако ги донесовме законите - не ја напаѓам Владата, внимавајте, се напаѓам самиот и вас сите ве напаѓам - зошто ништо не се презеде, од кога донесовме позитивни закони за отстранување на ликовите на генијалците. Јас посетив неколку установи, неколку училишта и гледам нови слики на Тито. Прашувам 1-2 директори во училиштата: Зошто ја чуваш сеуште сликата на Тито? Немам ништо против тоа, рече, кога ќе варосуваме на есен ќе ги исфрлиме. Фала на господа, ако не варосате, ќе стојат. Добро.

Видете уште еден одговор што добивам,уште еден ваков одговор добивам. Внимавајте, не ве лажам и не сакам да ве лажам.

**МИТКО АТАНАСОВСКИ:** (продолжение)

Ако сакате, ќе ги именувам и школите. Добив еден ваков одговор дека е прерано да се симнат сликите затоа што тие дечиња од 6-7 години ќе речат до вчера го имавме а сега да го немаме а еден ден треба да го исфрлиме. Од друга страна сме донеле закон за деполитизација на школите. Тие се важни елементи за кои господин Кљусев и вашиот ополномошник треба да ми одговори што се гледа.

Е сега господин Кљусев, господо од Владата ве товарат дека девизните влогови се одземени во ваше време. Меѓутоа, јас не се сомневам во тоа поправо не сметам, да ми одговорите во кое време девизите се исчезнати од нашите трезори, од нашите банки. И каде се отидени? Тоа ќе го бара народот.

Зошто Владата, тука малку ќе ве обвинам, не донела Предлог закон не за рехабилитација на политичките затвореници, колку што имам сознанија уште се гонат ВМРО-ци и се затвораат. Не за рехабилитација, но за чест на оние од Ченто па до мене, го подвлекувам тоа и до оние подоцна да им се даде една почест на семејствата на тие деца кои психички ги има уништено, на тие мајки и татковци кои никогаш не ги дочекаа своите сопрузи и своите деца и никој не обрна внимание кога реков да се ископат коските од Катланово, Куманово, од Централниот затвор, од истражниот затвор од Идризово. Има живи луѓе можат да се најдат и да ги ископаме, јас предлагам да се соберат на едно место и да се направи еден спомен оти тие се бореа за Македонија, а ние сме нивните наследници.

Уште една работа Владата не презеде, незнам колку ќе бидам во право, но ми се чини дека ќе бидам, што презела Владата да пикне рака во Министерството во бившата Удба, па да ги земе документите на удбашите

и на шпуните да ги донесе тука досиеата и да видиме какви зло дела имаат правено Удба во времето од 194 4 до 1982 година. Во сите држави каде се раѓаше демократијата првин се извадија тие документи. Колку имам сознанија во источните земји незнам дали бевме во моќ, се извинувам затоа што има друга, трета сила ни вас не ве навредувам, имаа други луѓе таа црна рака која ги држи тие трезори или ги има некаде испратено, колку сме информирани, но можевте да го направите со предлог, а ние како Собрание да го прифатиме, па да се видат господата, затоа што некои шетаат по улиците, да се видат оние што го убиваа народот, а оние што шет< слободно, а имаат гревови не за нешто друго, туку затоа што дади на пример на Наќе, на Петко на Трајко, во колектив го уништи, му ги зеде златото, го затвори, го уби и го остави сакато детето и семејството. Тој е слободен. Истото се случи и со првоборците во времето на револуцијата исчезнаа на Голи Оток и по затворите, истото се сл1 и на нас помладите подоцна, а можеби и утре истата судбина ќе не чека сите нас. Тие досиеја треба да бидат тука, во тие досиеја стои Митко Анастасовски удбаш од таа и таа година, направи тие и тие зло дела, тука се и судиите, тука се обвинителите, внатрешни шпиуни, во тоа досие. Дури не се излезе и на народот да му се каже ние немаме правна држава. Ние сме осакатени. Ние сме еден сакат народ кој тешко ќе може да излезе, а колку што ми се гледа драги господа со сите сили некој го гура тркалото на она место каде што беше, на тркалото на сатаната и на пеколот. Таму сакаат да не фрлат. Не навредувам никого. Не сте вие од тие.

Мечката рекла подобро дами направеше рана да ме удриш со секирчето отколку што ни кажа лош збор. Да внимаваме на навредите и да не чекаме ни момент дали оваа Влада, дали другата Влада тука треба да

имаме едно јако мерило за поодделни членови од Владата што поскоро да се носат системските закони. ДА се излезе во пресрет на гладните кои ги чекаат девизите, а кои работеле. Знаете како ми изгледа мене господине Кљусев таа работа. Ти си бил малку време во судот, знам на времето, дојдоа два удбаши го фатија дедо ми. Парите а бе какви, пари, не си ми дал пари. А бе парите или ќе ти ја сечам главата. Го отепа него, старата, давам пример, вади тој пет наполеони, а бе 15 имаш, му ги зема наполеоните. Истата работа се случува сега само на покултурен начин, ставаа луѓето од Америка, Австралија, тие сиромаси кои избегаа не случајно, си отидоа од оваа пуста земја- ветената, печалеа и рекоа сега ќе им помогнеме на овие. Се најдоа тие, да не кажам полош збор, господата со долги прсти, сега е време да му ги дигнеме и да ги оставиме голи. Истите арамии се тие, на исти стол можеш да ги ставиш и да ги судиш. Оној ги тепа- ше, му ги зеде, а овој не ги тепаше, а систематски ќе ги умре затоа што немаат од каде да живеат.

Господине Кљусев, ми се чини не си моќен многу да направиш во оваа држава, јас разбирам, затоа што оваа земја, а јас реков од ова место ак со моите метафори се смеевте, ве убедувам дека ние ќе плачеме, а тие метафори беа лично мои, така го замислував животот и така ќе остане, ви тврдам, не можете ништо повеќе да направите затоа што влеговте во куќа која беше ограбена. Во таква куќа не инженери, не агрономи, не доктори, ништо за тоа, затоа што тој нема алат, а ти ќе му дадеш да работи. Одговорете ми на тие прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Тодор Петров.

VI/4.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Оние кои сакаат да излезат можат и со транспаренти да се движат во овој простор овде.

Изгледа редот беше таков, па како во судница најпрвин обвинителите оние потпишаните требаше да го извлечат обвинението, а поротата која ќе го извлече ќарот од пресудата по успешната или неуспешната одбрана на премиерот само ќе пресуди. Декорот ќе ни беше попотполн ако имавме и свештено лице, затоа што пред зградата на Собранието веќе се веат три знамиња како да е национален празник.

Не се бранам лично ниту обвинувам некого што и мојот потпис се најде меѓу 23-та пратеници - предлагачи.

Поминаа 17 месеци од овој наш состав и мислам дека ќе беше изгубено време ако ги повторувавме сите изминати седници и гафови и на нас самите и на Владата. Односот ан силите во Парламентот овозможи ваква Владата и ваква одговорност или неодговорност освен ако одговорните, а неконтролирани беа самите чесни за да се однесуваат одговорно секој сам на своите функции.

Се почувствував повикан и должен да кажам нешто користејќи ги правата од Деловникот, изјаснувајќи за мојот глас по однос на точката која е на дневен ред, бидјеќи ако ништо друго од чиста куртуазија ако некој најмногу ги читаше моите предлози, амандмани, закони и иницијативи, тоа беше само оваа Влада. Оние кои сега ја напаѓаат Владата, должен сум тоа да го кажам, за да не го носам товарот на Одлуката, ги прифаќаа сите нејзини предлози досега. Затоа за мене е баш за сегашниот напад на Владата играта е нечесна а актерите и чесните побуди на поединци сака да ги впрегнат во мозаикот на сопствената манипулација и смешно ќе биде

нормално сега или било кога во минатото свршено време ако било која партија застанеше зад Владата носејќи го ризикот за одговорноста на сета Владина политика и губењето на евентуалните позиции во избирачкото тело. За мене одговорноста за многу пропуштени и недонесени работи, е поделена. Тројанските коњи на непријателот се прогласуваа за спасители на поробените. Некој требаше да биде жртвуван затоа што се бара крвта на жртвеник, а довербата на сите нас во овој парламент си ја проверивме на изборите во Штип. Затоа нема да зборувам за ништо друго, туку, за она што мене лично ме поведе да го покренам прашањето на доверба на Владата. Името и самостојноста на државата Македонија, за да лично сам кај себе откријам или се разоткријат позициите и дилемите во државниот естамблишмен на Македонија ш за што на оваа седница сепак мислам дека премиерот е должен да даде одговор. Пред се, заради тоа што се работеше за прашање од есенцијално значење за името на државата Македонија, за која не можеше да постојат никакви дилеми и заради што оценив лично дека е потребен низ институтот доверба на Владата на посебна седница на парламентот да се расчистат овие спротивставени ставови на одделни членови на Владата. Побуден од расправата на Собранието на први, а посебно на 2 јули, по повод Декларацијата за Југославија на Европскиот совет за што имавме точка Информација по повод Декларацијата која од Владата не ја добивме, слушнавме лично мислење на господинот Малески, а не мислење на министерот за односи со странство, слушнавме лично мислење на господинот Блаже Ристески, за кој сите знаеме што кажа побарав објаснување од премиерот кој на таа седница не го даде. Тоа го барам и денес за што ценам дека се преголеми игрите, а суд- бината и иднината на Македонија е пред се и над се Ќе гласам против Владата, но

барем да знам со кого сум имал работа и затоа инсистирам на одговор на поставените прашања,

На крајот само би го додал следното. Против сум било какви избори додека овој парламент во овој состав не ги донесе сите системски закони и не ги создаде потребните предуслови за праведни и чесни избори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, изгледа многу сме нестрпливи што поскоро да и изгласаме недоверба на оваа Влада. Меѓутоа, секој пратеник има право да си каже своето мислење, ако го сака тоа.

Своето излагање по повод поставеното прашање за доверба на Владата од страна на 23-пратеници и тоа од Реформските сили Либерална Партија 14, Социјалдемократскиот сојуз, независни пратеници и пратеници од коалицијата ПДП и НДП би го започнал со цитирање на членот 62 став 3 од Уставот на Република Македонија. "Пратеникот ги претставува граѓаните и во Собранието одлучува по своето уверување". Ова е затоа што беше импутирано тука дека не е токму така. Меѓутоа, така стои во Уставот.

Значи, моето натамошно излагање третирајќи го како мое лично размислување со мои лични констатации и колку ми дозволува моето политичко искуство ќе искажам и некои политички оценки.

Пред се, мислам дека расправата онаа од последната седница на Собранието по повод усвојување на Декларацијата и одговорот до Европскиот совет, требаше да биде токму за оваа седница т.е.

ваква седница за изгласување недоверба на оваа т.н. Експертска Влада требаше да биде можеби одамна како рефлексија на внатрешната политика со онаа надворешната. Меѓутоа, свесни сме сите знаеме дека се испукавме три дена, па вака околу битно прашање како што е недоверба на Владата се имаат пријавено многу малку пратеници за дискусија.

Ако се направи една анализа на предизборниот период односно на политичките сили, форсирањето на дотогашната единствена партија на власт, средствата за јавно информирање, подметнувањата од тогашните, а и сегашни коментатори оние кои за себе мислат дека се родени да бидат тоа без малку ја имаат политиката во малиот прст кон одредени партии, а најповеќе кон национално определените партии како што се ВМРО-ДПМНЕ, МААК и други да не ги набројувам сите , обичниот човек за каков се сметам и самиот ќе дојде до констатација дека ништо се нема сменето кон подобро, кон таа толку очекувана демократија и тоа пазарно стопанство, туку единствено што сите на некој начин кој помалку кој повеќе станавме посиромашни. Причините се многу кои се реални на времето и настаните, а некои и од промашувањата токму на оваа Влада. Но, мислам дека сите знаеме како дојде до тоа да имаме ваква експертска Влада. И ние пратениците, а верувам и граѓаните го немаат тоа заборавено. Знаеме како заврШија изборите, и каков однос на политичките сили се воспостави во ова Собрание кои со некои мали осцилации траат до ден денеска. Се направија некакви договори за поделба на власта кои во случајот за избор на претседател на Собранието се почитуваат нормално со апстиненција во гласањето од страна на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, се избра и претседател на Републиката, и потпретседател, но кога стана збор за предлог за мандатор на Владата на некој начин тие договори се прекршија. Претседателот побара од партијата ВМРО-ДПМНЕ да избере 4 кандидати,

што таа го стори и мислам дека тоа толку наивно го направи мислам за мојата партија што е нонсенс во парламентарната демократија не да се бара еден мандатор туку четворица можни мандатори, На крајот сите знаеме тие кадаифи беа одбиени со една констатација на недоволна компетентност итн., а сето тоа се случуваше со една невидена пдодршка од средствата ФД јавно информирање, беше констатирано дека во тие моменти на Македонија и не потребна една јака непартиска влада составена од познати и признати стручњаци која го доби името експертска, барем така не убедуваа, кога почнаа борбите најпрвин во Словенија, па во Хрватска, почнаа да се појавуаат написи, писма во весниците, се правеа коментари на радиото и телевизијата гарнирани со страотни слики од војната, од разурнувањата тоа, нешто ни се случи и денеска, во кои им с&,сервираше на граѓаните, гледајте и размислувајте што ќе ви се случеше ако случајно ВМРО- беше на Власта. Тоа го протежираа и ширеа ;лидерите и пратениците на партиите од т.н. лев блок, а тоа го имаме слушнато и овде безброј пати, да се потсетиме до пред една година и повеќе. Значи, доаѓаме до констатација, тоа самите го признаваат и тие коментатори и тие пратеници,и лидери дека ВМРО-ДПМНЕ не е на власт затоа што ќе му се случеше на народот, без малку војна. Така ни се импутираше дека ние пратениците од ВМРО сме подготвени да отвориме војна и Македонија да ја втурнеме во таа војна. Меѓутоа, затоа што ја немавме власта не дојде до таа војна. Но, сега истите новинари и лидери се трудат да докажат дека ВМРО цело време била на власт, а дека мирољубивата политика ја спровел некој друг. Само прашања, а свесни сме дека се импутира во средствата за јавно информирање, дека оваа Владата е ВМРО-овска. Од тие прашања одговори нека си извлечат самите граѓани. Значи во игра е она потребното оваа Влада затоа што граѓаните, свесни сме сите, дали од својата

неуспешност, дали некој ја кочел, да не навлегувам во тоа, свесни сме а и јас го знам тоа дека граѓаните, барем едно големо мнозинство, оваа Влада на некој начин не ја сметаат за Влада која може да му донесе просперитет на народот.

Слушам коментар дека политичките партии се борат за власт. И на радиото и на телевизијата, во весниците, без малку требаше тие новинари да кажат не им е срам народот гладува а пратениците се борат за власт. Си размислувам дали дотичниот новинар е политички неписмен или пак работи со благослов на некои едноумни политички сили да му докаже на народот дека демократијата и повеќепартискиот систем не носат ништо добро. Таквото миеше на мозокот на граѓаните резултира со се повеќе искажаната апстиненција во последните избори за пратеник, одобрници, или пак разни референдуми. Јас не можам да замислам дека може некоја партија да се радува затоа што еден пратеник од вкупниот број на гласачи добил некаде 13 или 14 проценти на гласови. Јас кажав и минатиот пат како можеме да велиме дека ќе владееме од името и во името на народот ако има една таква апстиненција . Треба да се запрашаме кои се причините, зошто, како. Се з аситија граѓаните од политика, слушај демократија е констатација на новинарите, тоа сме свесни се случува секој ден. Значи, граѓаните во западните земји "се неписмени или будали" и не живеат добро затоа што имаат повеќе децениска демократија и повеќе партиски системи. Партиите се борат за власт, дај боже, партиите се борат за власт излегуваат со програма, учествуваат на изборите, гласачите со своите гласови одлучуваат на кого ќе му ја додадат власта, ако дотичната партија не ги исполни своите ветувања, лошо ќе помине на следните избори, дали предвремени или редовни сеедно. тоа се правила на игра.

VI/10.-

Јас гледам дека некои бивши комунисти се нервираат, меѓутоа, и сегашни се изгледа. Медиумите се најбитни во тие правила на игра, господине што се смеете. Во демократските земји постојат оние кои и припаѓаат на власта, оние кои и припаѓаат на опозицијата и независни весници. Нашијте средства за јавно информирање се прогласија за независни. Мислам дека, тоа го сторија нивните раководства, не ги прашаа поголемиот број наработени. Ме чуди нешто ем независни ем фрлаат со дрвја и камења само по одредени партии и нивни членови. Најповеќе спомнав по кого. Поедини новинари, оние кои имаат преобразба на секои три месеци сега велат не чини Владата. Тоа сме свесни, а во времето да се потсетиме, само оваа експертска Влада може Македонија да ја извади од овој ќор сокак во кој се наоѓа.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (Продолжение)

Точно, не е добра оваа Влада. Не е добра затоа што зад неа не стои одредена политичка партија или коалиција на партии. Нема политички кредибилитет. Неполитичката влада е влада без одговорност. Нормално секој може по неа да вида да ја напаѓа, зашто тоа им е право. Се надевам зашто потписниците на прашањето за доверба на Владата се од Реформските сили, независни, СДС, ПДП и др., мислам дека е створена една коалиција која што сака да ја преземе политичката одговорност и по изгласаната недоверба ќе бараме од претседателот на Републиката согласно Уставот да и го довери мандатот за состав на нова влада. Успехот на таа нова коалициона влада во сите домени ќе им донесе победа на следните избори на партиите кои се составувачи, се разбира, ако неодминливите средства за јавно информирање со една нова кампања им објаснат на граѓаните масовно да излезат на изборите затоа што е тоа за нивно добро. Така се надевам дека таа нова влада ќе го сопре постојниот пад на индустриското производство, ќе обрне поголемо внимание кон земјоделието и неговите можности за прехрана на целото население, кон оживување на туризмот кој, свесни сме западна во еден колапс итн., итн. Се надевам дека новата влада ќе ни понуди најитно што може, Законот за трансформација на општествениот капитал како јас лично не би се сомневал и не би се сомневал дека ете некој сака да ја турне, затоа што има такви сили итн. Се спомнаа тука и девизните средства, се спомнаа малверзации што за жал кажав овде и ќе кажам оваа Влада не откри ни една од тие афери, а се надевам дека таа нова влада, коалициона или оваа стара ако најде сили додека опстојува, ќе ни даде и објаснување зашто јас вчера на една конференција за печат видов таму некои работи, што да

речеме во општествата кои што за себе тврдат дека се демократски е афера од прв ред, такви афери што се изнесуваат работи на поедини политички партии знаеме имаше една таква афера Вотергејт во Америка, падна дури и еден претседател, меѓутоа, не се согласувам со тоа веднаш да се обвини дека некој стои зад тоа, затоа што прво треба да се испитаат работите, да се докаже што, како и колку се е замешан во тоа. Јас како претседател на Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност ќе се потрудиме и ние нешто ако ни дозволат, се разбира согласно законот, тоа право и го имаме. Мене ме чуди зошто исто така, знаеме дека еден пат кој што од 1949 година постои, па би го запрашал и претседателот на Владата зошто во 1949 година нема законска регулатива дека е забрането, туку една одлука од Министерството за одбрана, а истиот пат, т.е. Скопје - Кула - с. Здуње - Македонски Брод од 1949 година е затворен. Знаеме согласно членот 27 од Уставот, таму се вели дека граѓаните имаат право да се движат низ и на територијата на целата република и постои плус закон каде што тој пат е рангиран како пат од регионален карактер. Меѓутоа никаде не постои закон, туку една одлука од министерот за одбрана каде што се забранува движење по тој пат. Многу ми е тоа симптоматично.

Би рекол уште една работа, а кажав дека овде настапувам лично јас како пратеник како Стоиле Стојков, меѓутоа ова сакам да го кажам не за Владата, туку за мене лично. Вчера во една емисија на радиото слушнав еден господин кој е третиран и самиот се третира како министер за надворешни работи на Република Македонија на Владата во сенка на Република Македонија од ВМРО-ДПМНЕ. Јас не сум му дал кредит на тој господин да настапува во мое име иако настапуваше од името на ВМРО-ДПМНЕ, цело време, мислам дека таков еден однос нема и во статутот на

партијата, на нашата партија, затоа што се знае според статутот кој ја застапува партијата. (Реагирања од салата). Се извинувам само кратко, еве за што се работи - ние овде на минатата седница постигнавме еден консензус. Тоа го констатиравме овде околу името на Република Македонија, меѓународната политика итн. Меѓутоа, Јас таму слушнав дека консензус ќе постигнеме откога ќе дојдат новите избори. Извинете но оној кој е против консензус во секое време и секаде каде што се во прашање виталните интереси на Република Македонија, македонскиот народ, националностите кои живеат во Република Македонија, тој е против самостојноста, независноста на македонската држава. Демократските односи се најпотребни во овие тешки времиња. Оваа Влада, верувам дека мора да си оди. Новата ако се конституира онаа коалицината на споменатите партии, во ред, ако не сакале или не мора да одиме на нови избори со претходно усвојување на одредени закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор?

Има збор Јордан Бошков

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Сакав само да се произнесам нешто во врска со процедурата. Мене сепак ми пречи, независно каква важност има точката што се разгледува да има висок шум во салата. Помалку бев и гласен позади во клупите, но тоа немаше никаков ефект. Нешто во својот настап господинот премиер загатна,а мене ми остана тоа нејасно дека имало некаков материјал подготвен кој што ќе го добијат пратениците а ние се изјаснуваме сега. Јас сакам децидно да знам каков е тој материјал, за што е работата и дури откако ќе се запознаам доколку има релевантност кон гласањето, тогаш можам да гласам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам дали уште некој бара збор?

На почетокот се договоривме секој по еднаш да може да се искаже. Меѓутоа предлагам на господинот Кљусев да му дадеме повторно збор, а тоа да не се однесува на пратениците, бидејќи беше повеќе пати споменувам.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Прво, да почнам од последниот пратеник, кој постави прашање а тоа е експозето на Владата и за нејзината работа. Зад него стојат и други стотици страници на одделните ресори. Можете да го прочитате,сега се умножува и ќе ви се подели. Јас зборував само за некои основни проблеми што се од важност за Владата. Тука е даден целиот приказ на она што во Владата е работено. Бидејќи не добивме од иницијаторите образложение на нивната иницијатива, а што требаше да добиеме, штом се води претрес, тогаш седна Владата да се договори, сепак, да припреми експозе. Тоа честито го изврши и сега го умножуваат и ќе ви го дадеме. Требаше да го читам целиот материјал, а ако немаше ништо против, јас и сега ќе го читам, но вие тоа ќе го добиете.

Неколку пратеници поставија прашања - каква беше примопредајата од старата на новата влада. Примопредаја никаква формална. Си заминаа, дојдовме ние. Аманетот што ни го оставија ви го кажавме во финансиските долгови и стопанството кое што го наследивме. На вас сето ова ви е познато. Меѓутоа, во тој аманет често пати сега се инфицираат и граѓаните и се меша оваа влада. Тоа се девизните заштеди на граѓаните. Оваа влада го наследи тој товар на празни трезори од девизи. Оваа влада не сноси никаква одговорност за непостоечките девизи на граѓаните, сепак смогна сили да подготви закон и мерки и да ја преземе обврската, македонската држава кон граѓаните  кои со својата штедност издвоиле девизни средства

во нашите банки. Судбината на разрешувањето на тој пеколен проблем, тек ќе следи Ние не оставаме никакво наследство, оставаме само 30 или 40 милиони долари резерви. Тоа е капка море спрема огромните долгови што ги има Македонија.

Кои се гревовите на оваа Влада? Дали има некој намерник или биле натурени?  Оваа Влада нема никакви гревови што се однесува во буквална смисла на зборот. Затоа што оваа влада не е искорумпирана, како што некои ја означуваа во печатот, оваа влада, министрите имаат 110 се до мене до 130 илјади денари личен доход, а вие знаете другите колку примаат. Оваа влада има висока етика и не смееме да кажеме и да останеме со убедување дека таа носи некој си грев врз себе. Меѓутоа, гревот на оваа влада е што таа бидејќи немаше политичка позадина да го ослушуваше гласот на парламентарците и нивните пратенички и партиски позадини. Тоа е точно. Ослушувавме. Едно ни се зборуваше во четири очи, друго се прави во Парламентот. Тоа е присутна работа

**ПРАШАЊА ОД САЛАТА:**

Кои партии?

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Сите партии. Ве молам сите партии

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да му дозволиме да каже. (Претседателот Андов реагираше бидејќи во салата имаше гласни прашања?)

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Сите партии на свој начин беа консултирани за составот на Владата. Сите партии го знаеја списокот на Владата. Сите партии гласаа во овој Парламент за таа влада. И тогаш ние рековме оваа   Влада е

парламентарно прифатена, а не вештачки измислена за некој преоден период.

Меѓутоа, ниедна значајна одлука оваа влада не ја донела без согласност и среќавања со претседателот на Републиката и претседателот на Собранието, порано и членот на Претседателството Тупурковски. Од време на време се среќаваше и нормално, тоа е нормален чин, како изгледа другојачие една влада да не го консултира Парламентот и претседателот на Републиката. Тоа се разговори. Она што може да се констатира се значајните одлуки е постигнувана и значајна согласност. Таму каде што е најмалку критикувам претседателот на Владата тоа е кога сам ги донесувал своите одлуки. А тоа е одлуката која ја потпишав за одземање на воената евиденција, одлуките околу блокадите и други одлуки. Јас ќе ви дадам список, ако треба еден ден кои се тие одлуки кои јас сам сум ги донел. Па оттука, мора да се искаже и претседателот на Собранието и претседателот на Републикат во врска со одговорноста на Владата. (Аплауз од дел пратеници). Јас не барам аплауз, јас само говорам тоа што чувствувам.

Зошто не се донесени системските закони. Па толку пати енергично велам - во вашите раце се сите системски закони, освен законот за претпријатијата. Ве молам,сите закони се во вашите раце. Што работеше вашето Претседателство на Собранието, да енергично ноќе и дење работи во донесувањето, како што работеше Владата ноќе и дење (Аплауз) во донесувањето. Значи станува збор за сериозни проблеми. Што е ова со месеци одлагање да не се донесуваат законите? Што е ова што постојано за ситни проблеми, стално се тежи да се најде некоја шуплина, празнина, околу законите?! Значи ли тоа Владата да си повлече една поука Парламентот не ги донесува законите затоа што тие закони бараат радикални промени во општеството, а се осетија и

репулзии, одвратности. Сакаа преку ноќ да се затворат некои институции. Вие сте свидетели за тоа што беше. А ние ќе ви дадеме евиденција ако треба, барем она што го имаме и кои се огрешиле спрема девизните штедачи (Аплауз). И да не си правиме илузија дека оваа Влада тие работи не ги знае. Еден грмогласно ви говореше тука, од овој Парламент во печатот виде хипокризија, кој ги дигал, тоа е само еден, други ќе дојдат сега. Али се правеше кочеше, не убедуваа ни вршеа пресија да тоа е деловна тајна на банките. Ние не сакаме да влегуваме во нивните книшки, во девизните книшки во нивните суми, ние сакаме исплатите лични да ги видиме, во овој период на забрана кој ги добивал и како ги добивал тие средства. Ние аз тоа ќе ви дадеме информација.

VIII/1 нн/сл

**НИКОЛА КЉУСЕВ**: (продолжение)

Што се однесува зошто немаме симболи, па вие сте одговорни. Тоа не е ангажман на Влада. Грбот, химната и знамето е работа на Парламентот. Шест месеци изминаа, ние сите закони според Уставниот закон Ви ги доставивме. Во тие шест месеци требаше да се реши и за симболите на Републиката. Ви си повлечете одговорност што тоа значи, не ме прашувајте мене. Дури нашата група, која не беше задолжена, а беше задолжена Комисијата за уставни прашања да се разработи Устав ние самите ја дадовме првата верзија иако не бевме задолжени. Тука се луѓето кои беа креатори и ја дадоа првата верзија. Тоа беше еден поттик на Собранието и на Уставната комисија за да се забрза процесот за донесување на Уставот, затоа што тогаш, точно е тоа што велевте, јас велев да престанеме со овие крпеници од закони. Стотици и стотици закони само се дополнуваа, коригираа и изменуваа. Паднавме во една невозможна еуфорија. Драгоцено време Владата губеше во тие крпеници и рековме Уставот е тој кој треба да се донесе и врз база на него да ги донесеме законит. Од 17 ноември досега , шест-седум месеци се имате во вашите раце. И оваа Влада не сноси никаква одговорност. Ве  молам побарајте го списокот се што сте добивале. Јас ви реков само еден важен закон е во прашање, Законот за фирмите, за претпријатијата на кои уште работиме. Точно е тоа дека оваа Влада немаше механизми и не сакаше да влегува во проклетството на мрачните досиеја, затоа што и самиот јас не сакав да го видам моето досие. А вие знаете тие досиеја што значеа. Многу од нив се и запалени. Голем дел од сите вас сигурно имаат такви црни досиеја. Тоа е еден систем мрачен, систем врховистички и титоистички кој создаде пресија

на духот и сомнеж во секого

(аплауз од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ) под таа пресија и јас бев една од тие жртви, но не сакам да се прочитаат тие гнасни имиња, затоа што ние ги знаеме кои се тие кои не деноцирале и кои што не воделе таму каде што не треба.

(повторно аплауз од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ)

Според тоа ако вие сакате и ќе ги откриеме. Можеби и полно тука седат меѓу вас кои давале такви изјави. Тоа е прашање за кое ќе се испитаат тие проблеми, но е тоа прашање на една Влада која се бореше со сите овие маки и проблеми да оди тоа да го истражува.

Името на Македонија и игрите околу неа искрено да ви кажам, ние сите остануваме доследни следбеници на идејата да не може да се менува името на Македонија. Но, чувме некои работи дека некои сака алтернации да поставува. Тие алтернации излегоа и во печатот. Меѓутоа, некој има повеќе здив, некој помалку во борбата за докажување на меѓународниот план, на меѓународната афирмација. Во тој поглед јас не би сакал сега да се ставам пред искушение и да давам оценка. Тоа што е во мали групи зборувано, а не официјално на самата Влада, не е мое сега да ви кажувам на вас. Можеби постоеле и други видувања кај некои луѓе, можеби биле напластени со други сфаќања. Но тоа не е став на Владата, ставот на Владата беше енергичен и вие го чувте веднаш - никаква промена во името на Македонија, се додека овој парламент не биде запознаен и врз база на опстојна дискусија, сите вие едногласно ја прифативте декларацијата од овој Парламент, која ви ја напиша Владата, а вашите комисии ја прифатија. Според тоа станува збор за сериозен проблем и не би требало ние сега

вештачки да створаме зла крв. Ако има такви игри наскоро ќе се види, па според тоа ништо не може да се сокрие од историјата.

Прашањето патот што е забранет и многу драматизација околу него Здуње - Македонски Брод. Тој пат е под ембаргото на војно - индустрискиот комплекс и воената одбрана. Има некој закон стар, според кој таа зона е определена како забранета зона. Таму се разни магацини и подземни простории за евентуални војни и не се сака да се пушти....

(реагирање на пратениците од место)

може Парламентот да си покрене постапка, дозволете ве молам, а што е тоа. Секоја држава треба да има и некои заштитни свои предели....

(реагирање на пратениците од место)

знаете вие дека овој систем, кој го напуштивме од секоја зграда бараше скривница да има. Па, вакви скривници како што гледате и низ целата држава се граделе. И ништо тоа не е проблем, тоа не е пат по кој може да се сообраќа со автобуси и со коли, но тоа е проблем кој може да си го реши Парламентот.

На крајот сакам да ве запознаам, врз база на ставот на Владата, Владата претпладне рече не може неизгласувањето односно изгласувањето доверба или недоверба на Владата, не го поврзувајте со некои долги рокови. Да се чекаат некои нови влади. Наша оценка е дека такви нови влади така брзо не можат да ви дојдат доколку коалицијата веќе не е договорена и не ви дала предлог. Затоа ме замолија да ви кажам максимум десет дена оваа Влада може да остане на своите работни места. А некои министри рекоа , дури и пократко. Според тоа бидејќи ние не сме

политичка Влада, не можеме да прифатиме политичка одлука да мора да останеме. Имаме обврска според Уставот и ве молиме таа уставна одредба сфатете ја во најдобра намера да не се измачуваат луѓето кога веќе нивниот ентузијазам е спласнат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Не може по втор пат. Донесена е одлука на Собранието. Така се договоривме и тоа е деловничка одредба.

(прашање само)

Не може ни прашање. Ве молам, немаме пратенички прашања. Вие зборувавте, вие имавте збор. По втор пат....

(господинот Митко Анастасовски, излезе пред говорница).

Ве молам, Собранието ќе одлучи, седете си таму малку, дали ќе ја промениме одлуката. Ве молам господине Анастасовски седнете си прво на местото. Ве молам седнете си. Вашиот предлог ќе го дадам на изјаснување. Дали ќе одлучиме по втор пат да ....

(реагирање на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ)

Ве молам, па што е сега ова. Ма како на туѓа штампа, тој за тоа ли праша.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Сега се гледа веќе кој го кочи Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие имате збор. Господинот Бошков прв пат зборува, затоа што првиот пат интервенираше само процедурално.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас благодарам за појаснувањето, затоа што навистина не учествував во расправата и сега не мислам, само што од настапот на премиерот сфатив дека тој материјал е релевантен за гласањето и јас барам прво да се запознаам со тој материјал, да го прегледам и после да можам да го дадам својот глас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Може како што предлага Бошков да дадеме пауза да се прочита материјалот, или секој да гласа така колку е убеден без тој материјал.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господо, немав намера воопшто да настапувам денеска, меѓутоа, сакам да направам една законска анализа што се однесува до предлогот.

Ако беше предлогот за доверба на Владата од 61 пратеник тогаш практично не ќе требаше да има никакво образложение. Меѓутоа, кога се работи за предлог од 23 пратеника, каде се запазува минимумот за тоа, да може да се поведе дебата за расправа на доверба на Владата пред Собранието, приговорот на премиерот дека не добил никакво образложение освен потписите и што е намерата на тие пратеници, сметам дека ќе има место ако Владата, навистина и покрај тоа што не добила од кои причини се бара нејзина оставка да ја видиме таа анализа и дури тогаш да одлучуваме, а не сега да гласаме или да не гласаме. Јас не сакам да кажам дали ќе гласам да Владата остане или да си оди. Меѓутоа, овдека говорам за еден принцип на законитост да знаеме, што викаат на оној кривиот дајте му, затоа што овој предлог се смета како обвинение, дајте му можност да се припремие и да знае за што ќе одговара. Зар ние треба овде без 60

односно 61 пратеник, како предлагач да одлучиме за она што ќе треба да се расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да објасниме, проблемот на образложение не стои така како што го овде објаснива господин Стојановски. Не е воопшто важно дали има 61 или 41 пратеник, туку во Уставот 61 пратеник е потребен само ако денес се изгласа доверба на Владата, 90 дена не може да се покрене прашање на доверба, т.е. може само ако 61 пратеник се потпишат. Само во тој контекст во Уставот се споменува бројот 61. Инаку ги задолживме стручните служби овде што седат, правниците кои се платени за тоа, да ни објаснат дали е неопходно, дали е задолжително образложението или е тоа право^ на оној што поднесува да даде, или да не даде и кога ќе даде образложение. Ни беше објаснето дека тоа не е задолжително, и дека е тоа право на оној кој поднесува да поднесе образложение тогаш и такво какво што сака. Вие имавме овде можност да чуете различни образложенија. Од различни причини се раководеле, тоа не е политички хомогена група, пратениците. И затоа по Уставот тоа не е неопходно и не е релевантно овој аргумент на господинот Стојановски.

Дали бара уште некој збор?

Господин Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, колегата Стојановски нешто кажа, јас исто така би сакал да укажам на една работа. Прашањето за доверба на Владата секако дека е сериозна работа. И од тука ценам дека требаше ова барање да биде поткрепено со соодветно и квалитетно образложение.

Ценам дека ако овој Парламент е ставен веќе во функција да одлучува, треба во одлучувањето да му претходи претрес. Претресот бара расправа, а тоа значи бара конкретен материјал. Сметам дека Владата одговори сериозно на овој предизвик од аспект што подготви одреден текст како одговор на ова барање за нејзината доверба. Па од тука сметам дека поради личната совест на сите а поготово на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ е компетентно е да пред да се одлучиме да одлучуваме, да го консултираме материјалот што е подготвен од Владата со други зборови, барам пауза за консултирање на материјалот и дури потоа да се одлучува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, значи ли тоа дека расправата е заклучена, а материјалот би требал за произнесување во гласањето?

(реакција од пратениците)

Ве молам, или е тоа нова расправа, ве молам дојдете и објаснете што е предлогот?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас не можам да одлучам дали е заклучена расправата, тоа е Ваше право, меѓутоа, јас ради совеста на пратениците барам да се консултира материјалот, а дали ќе продолжиме од паузата со расправа по материјалот, или ќе одлучуваме тоа е друго.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само еден момент. Предлогот на Бошков беше да го консултира материјалот за да може да знае како да гласа. Вашиот предлог е друг. Се е отворено.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Бошков настапи како пратеник во свое име, а јас во име на пратеничката група.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро во ред е, тогаш да се подели материјалот и пауза

господин Стојановски да објасни уште нешто.

(нешто зборуваат од место пратениците)

... тоа не е мое објаснение, тоа е правничко објаснение, на правниците.

**ТОМИСЛАВ СТQЈАНОВСКН:**

Дозволете, господинот претседател има право да бара правно мислење. Јас сум правник, на мене не ми треба совет. (реакција од пратениците)

Дозволете една работа, ако на некого му треба совет јас овдека не зборувам на пратениците да добиле, оној за чија вина треба да раправаме, на него треба да му се даде можност да се запознае со што, а не на мене. И толкувањето на секретарот ако било такво, на мене не ми треба, ние треба да напаѓаме некоја Влада дека не чини и треба да и докажеме дека не чини.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро во ред е, тоа јас го објаснив како мене правниците ми го објаснија од аспект на Уставот кое е решението.

Ве молам, господин Насер Зибери. Јас предлагам сепак да договориме за една пауза, да се прочита материјалот и после да се произнесеме.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

И јас сум еден од пратениците овде, но не значи дека се согласувам со претходниот дискутант. За мене прашањето на доставување образложение пред пратениците, сметам дека ова прашање треба да се групира во правата , дискреционите права на предлагачот. Штом тоа право ,не е изрично, децидно, напишано во Уставот, односно Деловникот дека предлагачот при доставување барање за доверба на Владата, не се задолжува да достави образложение, значи право е на предлагачот дали ќе достави образложение во полза на убедување на другите пратеници, за да му помине предлогот, или тој ќе оцени дека такво образложение не му треба, затоа што пратениците со оглед на состојбите и информациите кои ги имаат, имаат веќе став изградено кон тоа прашање и не доставуваат образложение. Така да деловнички, односно правнички ова прашање не треба да се поврзува како процедурално прашање кое може да го поремети редот на поднесувањето на. барањето, односно изгласувањето на доверба, односно недоверба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам,д а се договориме .... повелете.

Госпоѓа Лазаревска. Ве молам, мораме да знаеме што е предлогот?

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Јас нема да помогнам многу да се искристализира предлогот, но ќе кажам нешто што навистина не можам да го прескочам. Во своето излагање премиерот кажа дека има некои сили кои што вистина сакаат да се створи овде хаос и да се бара помош од друга земја. Бидејќи оваа иницијатива има некоја боја да кажеме, не велам дека иницијативата е вовед во хаосот и расулата. Бидејќи премиерот кажа дека оваа Влада уште 10 дена ќе остане, а 20 пратеници кои што ја потпишале иницијативата, како што мене ми е познато не е правен никаков договор за претходни, за коалициони влади, се

ми е страв дека ние ќе дојдеме во една ситуација на хаос, расуло и да бараме помош од друга земја. Но, само да напоменам неколку збора. Јас кажувам , јас не реков дека тие што ќе дојдат на власт, што ќе дојдат во новата Владата ќе ја донесат Македонија кон тоа, но тоа се спомна и останува да лебди во воздухот. Но, само една работа, овие 2 милиона народ, ќе ги носи на душа, оној што навистина тоа ќе го сака. А за да не дојде до такво нешто, бидејќи ние рековме во Уставот пишува оваа Влада останува до избор на нова Влада, а Владава кажува нешто друго, дали е моментот сега да донесуваме вакви одлуки во овој момент сега, пред паузата и по паузата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, господин Абдурахман, за истото. Само ве молам сите овде си искажувате политички гледишта, ви се брои сте дискутирале во склад со одлуката на Собранието по еднаш да се јавите. Не може после. Или изменете ја таа одлука.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

За мене е ова уште еден пример како не треба да се чита Уставот. Во Уставот јасно пишува дека група од најмалку 20 пратеници можат да поставaт прашање на доверба на Владата. Тука не е речено дека Владата е виновна, воопшто. Не се прејудицира тоа воопшто. Во други земји прашањето за доверба на Владата се поставува и заради зајакнување на позициите на Владата. Зашто ние секогаш мислиме дека Владата , штом е поставено прашање за доверба мора да падне. Таа не мора да падне, таа напротив може да ги зајакне своите позиции. Затоа за мене е неприфатливо барањето да се проучи некој материјал, затоа што ние сме живееле заедно со Владата цело време.

И што материјали има да проучиме, односно да не проучиме и да се потоа изјасниме како ќе гласаме. Меѓутоа, штом е тоа барање на една Парламентарна група јас тоа морам да го почитувам, но мислата ми беше да кажам дека сега не е неминовно, штом се поставува прашањето за доверба на Владата да се изгласа недоверба. Затоа што формулацијата на Уставот гласи "прашање за доверба на Владата", а не за недоверба, недовербата може да се изгласа. А по правило таа може да добие доверба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само да ви кажам, господинот Стефковски предложи во име на пратеничката група пауза и ние не можеме тоа да го одбиеме, бидејќи така работиме стално. При тоа сакам да напоменам, тој се повикува на материјалот што треба да се прочита, па за да се прочита треба претседателот на Владата да го достави до Собранието, нам не ни е доставен тој материјал. Затоа не е поделен. Нека ни се достави ќе го поделиме.

Пауза од еден саат. Продолжуваме во 15,30 часот.

(Паузата започна во 14,20 часот.)

IX/1 рд/вц ...

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа. Господинот Стефковски кој бараше пауза сега ќе не извести за читањето на материјалот.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Сметам дека паузата беше корисна за пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, а најверојатно и за пратениците од другите парламентарни групи и имавме сите можност да се запознаеме со содржината на одговорот, јас така ќе го наречам, на Владата, по повод барањето за доверба на Владата.

Впечаток е дека има доста вистини од она што е дадено во овој одговор на Владата, по повод барањето за доверба на Владата и дека заслужува внимание и јавноста во Република Македонија да биде запознаена со содржината на текстот. Бидејќи овој одговор има одреден степен на тајност, така се претпоставува има наслов ембарго до читање, а тоа е тоа што го реков, сметам дека во овој момент на расправата по повод барањето треба да продолжи во смисла на следното: претседателот на Владата доста емотивно настапи овде на оваа говорница, емотивно, токму од одредени вистини кои ги содржеше овој материјал.

Во денешното живеење на нашата Република и состојбите во кои се наоѓаме, недвосмислено е факт дека сепак кога се поставува прашањето на доверба на Владата, тежината на тоа прашање како и моментот на поставување, имаат своја огромна тежина и значење, па дури би рекол и судбоносно за Република Македонија во овој момент.

Лично мислење дека и ние како пратеници често не и овозможувавме на Владата квалитетно да работи. Сносиме и ние одговорност и како пратеници и како Парламент.

Сакам само да кажам уште две работи. Во овој Парламент се расправаше по повод интерпелацијата за одговорноста на министерот Денко Малески, тоа беше исто така прв пат за расправа за интерпелација, за одговорност на еден член на Влада и мислам дека многу успешно беше говорот што го одржа претседателот на Републиката Киро Глигоров во однос на интерпелацијата и личноста на министерот за надворешни работи господинот Денко Малески.

Ако се работеше во тој момент за одредена личност, член на Влада, во дадениот случај се работи за член на Влада и за мандаторот на таа влада, кој што тој го овластил да ја формира таа Влада. Сметам дека неодменливо е учеството на денешната расправа на претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров. Тоа исто се однесува и за претседателот на Собранието на Република Македонија. Со тоа мислам дека ќе се потполни целиот мозаик што е поврзан во врска со барањето за доверба на Владата на Република Македонија.

И на крајот да ви кажам дека нашиот став го изнесе господинот Драги Арсов. Тој став останува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, не е променет, тогаш нека се одлучи кој ќе расправа и како ќе расправа.

Молам, кој бара збор?

**ЗОРАН КИТЕВ:**

Почитувани пратеници врз основа на член 124 став 2 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија пред да се определам за мојот начин на работа, би сакал да го слушнам мислењето на претседателот на Владата на Република Македонија, затоа што беа изнесени недостапно јасни констатации дека Владата во своето работење била попречувана од одредени центри на моќ како што се претседателот на

Републиката Киро Глигоров и претседателот на Собранието Стојан Андов. Тоа мислам го кажа претседателот на Владата во своето излагање.

Со ова излегува дека Владата била само еден обичен сервис на гореспоменатите претседатели. Ме интересира и мислењето на премиерот господинот Кљусев, дали со паѓањето на оваа толку оспорувана од сите нас, па и од граѓаните, а особено од средствата за јавно информирање, Влада нема да се создаде една хаотична состојба, со повторување на хипер инфлацијата, а со тоа од утре и енормен пораст на марката, доларот, франкот итн., што би довело до уште поголемо социјално раслојување на граѓаните и појава на беда, која би имплицирала социјални немири, со што би се докажала српската теза дека Република Македонија не е способна самостојно да опстои, што истото и го сервираат на Европската заедница и Грците. Со тоа би се појавил надворешен наводен спасител, потпомогнат од внатрешни сили.

Би поставил уште едно прашање, дали му е познато на господинот премиер, кои се функционери од врвното македонско раководство им ветиле на американците и Европската заедница дека Македонија ќе се согласи со промена на името. Мислам дека тоа го кажа самиот премиер во своето излагање околу дефицитарноста на името на Република Македонија. А како што знаеме претставници надвор од границата за признавање на Република Македонија беа господинот претседател Киро Глигоров, господинот Денко Малески и специјалниот пратеник на претседателот на Републиката господинот Васил Тупурковски. Дали дел од овие функционери се согласиле за тоа или сите, или листата е уште поголема.

IX/4

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Господа пратеници ќе ме извините, но ќе мора да се стрпите бидејќи пред оваа Македонија во овој момент се сериозни прашањата. Се кажаа многу работи кои на некој начин се и мафијашки, што значи дека треба да се расчистат пред одењето на Македонија. Јас еднаш кажав: или Македонија ќе ја направиме држава, или некој со нас ќе направи држава. Тука сме на расчекор. Или држава или со нас држава. Во стенограмите тука се кажа дека претседателот Киро Глигоров и Стојан Андов секогаш биле во консултации со премиерот на Владата за донесување на важни одлуки. Време е некој овде да стане и да каже, дали само овие луѓе се тука виновни, или некој нив ги координирал однадвор. Мора да се стане и да се каже. Македонското прашање зависи од сега и македонската историја во иднина што ќе ја градиме. Бидејќи исто тука се кажа и убијците на македонскиот народ седат во овој Парламент, исто така и тоа е еден дел од сериозноста на прашањето, а ако се вратиме многу поназад и на членови на Владата кои што беа а сега ги нема тогаш е посериозно прашањето и ќе мора овде на овој Парламент да излезат овие двајца личности што беа најоспорувани во овие четири дена, кога се бранеше достоинството на македонскиот народ околу името, бидејќи Денко Малески водеше југословенска политика. Претседателот Киро Глигоров кажа дека меѓу 10 министри повторно него би го избрал, тогаш чија политика ние водевме во ова Собрание кога нас не лажеа овде во Парламентот да дигаме гласови за некаква си Резолуција или Изетбеговиќ Глигоров Декларација. Тоа мора овде да го разјасниме, бидејќи г на нас ВМРО се вршеше секогаш притисок за да гласаме, ако не се донесе денес Уставот Македонија ќе пропадне. Ете Македонија не пропадна. Што значи јас барам одговор од овие двајца личности.

IX/5

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе се расправа за господинот претседател Глигоров и за мене, се знае како тоа може да дојде на дневен ред, тогаш се согласувам да разговараме инаку, што рекол Кљусев си одговара за тоа што рекол и ништо натаму. Вие ќе си поднесете листа од 30 потписи за мене, јас ќе ви кажам како било и ќе ви наведам и докази. Меѓутоа, вака да се изместат работите разговараме за едно, па да одиме на друго, па да одиме на трето, тоа е инаку опструкција на работата на Собранието.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Бидејќи оваа влада во најскоро време ќе не напушти повеќе пати е поставено прашање со бугарските летоци, со растурањето. Го молам премиерот, а и министерот Фрчковски ако е тука да ни образложи кои се актерите во таа нечесна игра, бидејќи знаеме дека присутни се во ова Собрание со име и презиме пред македонската јавност да ни се каже кој се учествуваше во таа игра.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Минуваме на гласање. Прашувам кој е за тоа да и се даде доверба на Владата, молам да крене рака.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Бидејќи иницијативата гласи: Изгласување на доверба на Владата, прашањето сметам дека треба да биде поинаку поставено, за да не се олеснува совеста на пратениците што ќе гласаат, прашањето треба да гласи кој е за тоа на Владата да и се изгласа недоверба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се поставуваат три прашања. Ова е составено врз основа на определбата и Советот на правниците.

Кој е за тоа да и се даде доверба на Владата, молам да крене рака? (2)

Кој е за тоа да не и се даде доверба на Владата, молам да крене рака? (91).

Дали некој се воздржува од гласање? (7)

Констатирам дека Собранието изгласа недоверба на Владата на Република Македонија, бидејќи за тоа гласаа мнозинството од вкупниот број пратеници.

Потсетувам дека од овој момент тече рокот од кој по Уставот од 10 дена претседателот на Републиката треба да додели мандат на нов мандатор. Владата до составување на нова Влада ја врши својата функција.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 16,30 часот).